СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

Од Осумдесеттата седница на Собранието на Република Македонија,
одржана на 26 ноември 1997 година

Скопје, септември 1997 година

**80 (ОСУМДЕСЕТТА) СЕДНИЦА.,ОДРЖАНА НА 26..1997 ГОД.**

**ДНЕВНИОТ РЕД СЕ НАОЌА НА**

1. АРСОВСКИ БРАНКО 43
2. АЈДАРАГА ГАЗМЕНД 16, 24, 68, 73
3. ВИДИМЧЕ КИРЕ 4
4. ДОКУЗОВСКИ КИРО (министер за земјоделство)
5. КАРОВ ИЛИЈА 12, 25 17,21,22,26
6. КОТЕВСКИ СЛАВКО 47
7. МЕШКОВ ЉУПЧО 83
8. МИТЕВСКИ ДРАГАН 104, 109
9. ПЕТКОВСКИ ТИТО 1 (Ја води седницата)

10 ПЕЦОВ МИРКО 37

11. СУЛЕЈМАНИ РИЗВАН 51, 91
12. СТАНКОВСКИ ВЛАДИМИР 53
13. СТОЈКОВСКИ ЗДРАВКО 74
14. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ 76, 81
15. СТОЈАНОВСКИ ПЕЦО 90
16. СОКОЛОВСКИ ВЛАДИМИР 94, 100
17. ТРИПУНОВСКИ МИРКО 22, 41а
18. ТРАЈКОВ РИСТО 33
19. ТАНТАРОВ ВЕЉО 38а, 40, 55
20. ТАЛИМЏИОСКИ ПЕТАР 45
21. ФИТИ ТАКИ (министер за финансии) 58 ,66
22. ЏАМБАЗОВСКИ САНДЕ 49, 56
23. ЏАФЕРОВСКИ АЛИЛ 4, 8
24. ШАЌИРИ ХИСНИ 54
25. ШАПУРИЌ ЗОРАН 6, 7, 9

ДНЕВНИОТ РЕД СЕ НАОЃА НА СТР. 2 (ИЗМЕНЕТ Е ДНЕВНИОТ РЕД; НАМЕСТО ТОЧКА 11 СТАВЕНА Е КАКО <u>ПРВА</u> ТОЧКА, А ПОНАТАМУ ИМА ДВА ПАТИ ПОВТОРЕНО ТОЧКА 2, што впрочем се точките 1 и 2 од дневниот ред).

Т.1-стр.6
Т.2-стр.35
Т.3-стр.36
Т.4-стр.38а
Т.5-стр.58 Нацрт на закон за денационализација.

СЕДНИЦАТА ПРОДОЛЖУВА!

**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Осумдесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 26 ноември 1997 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1 со почеток во 12,45 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Тито Петковски претседател на Собранието на Република Македонија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ја отворам Осумдесеттата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Сали Рамадани, Игнатие Богдановски, Аце Коцевски и Тодосија Паунов ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата се поканети претседателот и членовите на Владата на Република Македонија и Народниот правобранител.

Пратениците Љубомир Поповски, Димитар Трпеновски,. Абдурахман Алити и Мирко Трипуновски предлагаат дневниот ред на денешната седница да се дополни со Предлог на одлука за изменување на Одлуката за основање на Совет за меѓунационални односи.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Кој е за предлогот, молам да крене рака?

67 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (двајца)

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата предлага дневниот ред на денешната седница да се дополни со Предлог за избор на заменици на Народниот правобранител.

Предлогот за избор на заменици на Народниот правобранител ви е поделен.

Кој е за предлогот, молам да крене рака? (71)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (двајца)

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Комисијата за прашањата на изборите и именувањата предлага дневниот ред за оваа седница да се дополни со предлозите на одлуките за разрешување и именување на претседател и членови на Одборот за доделување на наградата "Гоце Делчев" и за изменување на Одлуката за избор на претседател и членови ан Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија Предлозите на одлуките ви се поделени.

Кој е за предлогот на комисијата, молам да крене рака? (74)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува до гласање? (Никој) К

Констатирам дека предлогот на Комисијата е усвоен.

Според тоа за денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

1. Предлог на закон за сточарство,

2. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата за трговија меѓу Македонската влада и Владата на Чешката Република, со Предлог на закон.

3. Предлог за донесување на закон за ратификација на Рамковната конвенција на Обединетите нации за климатските промени, со Предлог на закон.

4. Предлог за донесување на закон за изменуваше на Законот за поттикнување на развојот на земјоделството, со Предлог на закон.

5. Нацрт на закон за денационализација.

6. Предлог за донесување на закон за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија.

7. Предлог за донесување на закон за ветеринарство,

8. Предлог за донесување на закон за земјоделско земјиште.

9. Предлог за донесување на закон за преземање на стечајната маса од штедилницата ТАТ ДОО Битола од Битола во стечај

10. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за основање на Советот за меѓунационални односи.

11. Предлог за избор на заменици на Народниот правобранител.

12. Предлог на одлука за огласување и именување на јавни обвинители на основните јавни обвинителства.

13. Предлог на одлука за огласување и именување на заменици на основниот јавен обвинител.

14. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседател и членови на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија.

15. Предлог на одлука за разрешување и именување на претседател и членови на Одборот за доделување на наградата "Гоце Делчев".

Дали некој од пратениците сака да предложи изменување и дополнување на дневниот ред? (Никој)

Кој е за предложениот дневен ред молам да крене рака? (78)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласаше? (Никој)

Констатирам дека предложениот дневен ред е усвоен.

Деловничка интервенција има г-динот Алил Џафероски.

**АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ:**

Почитуван претседател, почитувани пратеници, Со оглед на обемниот дневен ред сакам да предложам точката 11 - Избор на заменици на народниот правобранител да оди како прва точка, поради тоа што според протоколот, господата предложени за заменици на народниот правобранител се тука, па да им овозможиме сега да се изврши изборот, за да не бидат присутни тука два-три дена и да чекаат.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Кој е за предлогот, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака).

Констатирам дека предлогот на г-динот Џафероски е усвоен.

Г-динот Кире Видимче има деловничка интервенција.

**КИРЕ ВИДИМЧЕ:**

Господине претседателе, почитувани пратеници, Со оглед на тоа што во дневниот ред што го усвоивме законот за преземање на стечајната маса од ТАТ, во предлогот на дневниот ред беше предложен како седма точка а сега е усвоен дури како 9-та точка, а, патем, речено

не се работи за обемен и сложен закон, како и тоа што законот за преземање на стечајната маса од ТАТ е во прва фаза односно предлог за донесување на закон, на- спроти законите за сточарство, законот за избор на пратеници и Законот за денационализација кои се многу пообемни и за кои е реално да се очекува и подолга расправа, предлагаме законот за преземање на стечајната маса од ТАТ да биде како втора точка, веднаш после изборот на замениците на јавниот правобранител, а останатите точки да се поместат за еден број погоре.

Исто така сакам да напоменам дека Предлог-законот за преземање на стечајната маса од ТАТ е поднесен до Собранието на 6 ноември 1997 година, додека предлогот за донесување на закон за сточарство на 11 ноември, а предлогот за однесување на закон за избор на пратеници исто така на 11 ноември, и предлогот на закон за денационализација на 13 ноември. Така да и од оваа страна гледано хронолошки, законот за преземање на стечајната маса од ТАТ е стигнат многу порано за разлика од другите предлози на закони и е влезен во собраниска процедура и реално е да се очекува да биде и во дневниот ред пред тоа, а верувам дека е во согласност и со договорите кои ги водеше г-динот претседател на Собранието Тито Петковски со претставниците на штедачите.

На крај, во име на изнесеното како и во името на штедачите кои чекаат пред ова Собрание предлагам, предлогот за донесување на закон за преземање на стечајната маса од ТАТ, да оди како втора точка.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Кој е за предлогот на господинот Видимче, молам да крене рака? (17)

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Со оглед на значењето на прашањата што се на дневен ред на оваа седница, како и поради малиот број на пристигнати одговори на порано поставените пратенички прашања што е услов за поставување на дополнителни прашања од страна на пратениците, предлагам поставувањето на пратеничките прашања да се одложи за наредната седница на Собранието.

Кој е за предлогот, молам да крене рака? (59)

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Минуваме на првата точка - Предлог за избор на заменици на Народниот правобранител.

Господинот Шапуриќ има деловничка интервенција.

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, Сакам да го изнесам ставот на пратеничката група на ЛДГ во врска со Предлогот на замениците на народниот правобранител.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

По оваа точка јас уште не сум отворил расправа.

**ЗОРАН ШАПРУИЌ:**

Деловнички исто така сакам да интервенирам , бидејќи не ме видовте претходно кога кренав рака, околу пратеничките праша>

Со оглед на тоа што од септември месец не сме имале пратенички прашања, веќе навлегуваме во трет месец, мислам не би требало да оди вака со надгласување, а следната седница на Собранието е закажана за 17 декември кога ќе биде разгледуван Буџетот и некои други закони и други иницијативи, така да може да се случи неколку месеци да немаме пратенички прашања, што не е во согласност со Деловникот каде што

стои дека на секоја седница се поставуваат пратенички прашања. Новиот деловник како што гледаме не се носи и во тој случај навистина имаме избегнување на еден важен институт на парламентарната демократија, тоа е пратенички прашања. Затоа апелирам во иднина да нема надгласување, бидејќи ние по исклучок п правиме правилата, по исклучок ги предлагаме пратеничките прашања за наредната седница. Тоа е став и на целата пратеничка група.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Сакам да ве информирам со оглед на тоа што наредната седница е закажана за 17 декември, дека ќе имаме седница на Собранието со единствена точка поставување на пратенички прашања, меѓутоа за тоа сакам да обезбедам присуство на сите министри од Владата на Република Македонија, до 17, па мислам дека нема да имате против.

Предлогот за изборот на заменици на народниот правобранител и мислењето на Комисијата за прашања на изборите и именувањата ви се поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор г-динот Зоран Шапуриќ.

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:**

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани пратеници, почитувани останати гости.

ВО две-три реченици сакам да го изнесам повторно ставот на пратеничката група на ЛДП во врска со овој предлог за избор на заменици на Народниот правобранител.

Како што е познато нашата пратеничка група уште пред повеќе години се залагаше за донесување на овој закон. За тоа беа водени

голем број преговори, а меѓу другото и претставниците на меѓународната заедница реагираа зошто овој закон не е донесен.

Овој закон беше донесен по предлог на предлагачот, г-динот Зоран Крстевски кој е од пратеничката група на ЛДП.

Како и при избор на народниот правобранител, така и при избор на заменици на народниот правобранител, од кои некои ги познаваме, а некои не ги познаваме, за кои немаме ништо против, како луѓе, меѓутоа против сме на самата постапка бидејќи пратеничката група на ЛДП која е најголема опозициона партија во Парламентот воопшто не беше консултирана околу утврдувањето на овој предлог. Затоа сакам да кажам дека ќе гласаме воздржано за овој предлог, дека фактички не го поддржуваме.

**АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ:**

По се изгледа го заборавивме законот за народниот правобранител и сега ги изместуваме работите, дека има потреба да се консултираат пратеничките групи, односно некои партии. Функцијата на народниот правобранител јасна е до крај. Тоа се непартиски луѓе пред се и политички неврзани за било која партија.

Јас ви тврдам дека ниту пратеничката група на СДСМ, ниту било која пратеничка група е консултирана во врска со овие предлози. Тоа е исклучиво право на народниот правобранител да предложи личности кои ќе одговорат на функцијата заменици на народниот правобранител. Инаку, залагањата на ЛДП при донесувањето на овој закон не беа вакви како што г-динот Шапуриќ кажа. И тогаш се инсистираше дека треба да бидат непартиски луѓе а сега веднаш се покажа потреба дека пратеничката група на ЛДП треба да биде консултирана Незнам која е вистината. Добро е да го објасните, дали тоа што се залагавте или ова што го кажавте сега. Јас ви тврдам дека ова се исклучиво предлози на

народниот правобранител и на некој друг, бидејќи тоа е негово законско право.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господинот Шапуриќ има реплика.

**ЗОРАН ШАПУРИК:**

Сигурно е дека наше залагање е на ова место да бидат непартиски луѓе. Тука и законот е сосема јасен и никој не може да оди против законот. Оттаму г-динот Алил Џафероски не е во право. Ние прво се противиме, како што кажа, на постапката на која е извршен овој предлог. Имено, вчера е закажана итна седница господине Џафероски каде што голем дел од членовите на Комисијата за прашања на изборите и именувањата од страна на ЛДП не може да присуствуваат бидејќи час или два пред самата седница беа известени, а некои се надвор од Скопје па не можеа ни физички да стигнат, а сметаме дека тоа е навистина важно прашање и дека требаше неколку дена порано да се закаже седница со утврден дневен ред за да знаат членовите на таа комисија да размислуваат.

Што се однесува до партиската припадност или неприпадност на предложените кандидати, ние сме исто така тие да бидат непартиски личности. Меѓутоа, бараме да бидеме консултирани како што го прават тоа партиите од валдеачката коалиција. Во таа смисла е илузорно да се зборува дека немало ниаккви консултации или имало. Ние тоа го тврдиме. Вие докажете спротивното дека не сме во право.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претрес.

Преминуваме на гласање.

Предлогот Невенка Крушаровска да биде избрана за заменик на народниот правобранител го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (66)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува до гласање? (16)

Констатирам дека Невенка Крушаровска е избрана за заменик на народниот правобранител.

Предлогот Сузана Салиу да биде избрана за заменик на народниот правобранител го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (70)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (16)

Констатирам дека Сузана Салиу е избрана за заменик на народниот правобранител.

Предлогот Трипун Танушевски да биде избран за заменик на народниот правобранител го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (69)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (15)

Констатирам дека Трипун Танушевски е избран за замени* на народниот правобранител.

Предлогот Љупчо Ивановски да биде избран за заменик на народниот правобранител го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (72)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (11)

Констатирам дека Љупчо Ивановски е избран за заменик на народниот правобранител.

Ги молам замениците на народниот правобранител да дадат свечена изјава.

Текстот на свечената изјава гласи:

"Изјавувам дека функцијата заменик на народниот правобранител (ве молам да го повторувате текстот), ќе ја вршам совесно, непристрасно и одговорно, ќе ги штитам правата на граѓаните и ќе се придржувам до Уставот и законите на Република Македонија."

Ве молам да ги потпишете свечените изјави.

(новоизбраните заменици на јавниот правобранител ги потпишуваат свечените изјави)

Дозволете ми во мое и ваше име на замениците на народниот правобранител да им честитам и да им посакам многу успешна работа. (Аплауз)

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:** продолжение

Минуваме на точка 2.

Предлог на закон за сточарство.

Предлогот на законот, извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор?

За збор се јави г-дин Илија Каров.

**ИЛИЈА КАРОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, почитувани претставници на Владата!

Апсолутно го поддржувам концептот на законот за сточарство и потполно сум согласен Владата на Република Македонија да донесува одредувачка програма за сточарството во која јасно ќе се дефинираат правците за унапредување и развој на одделни сточарски гранки. Но, се прашувам дали оваа програма треба да се нарече национална одредувачка програма за сточарство, како што е предвидено во членот 4 став 3 од овој Закон.

Понатаму, би сакал да укажам дека во Предлогот на законот за сточарство е пренагласено улогата и ингеренциите на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство. Од општите до казнените одредби има 46 члена од овој Закон, од кој во 25 члена е нагласена улогата на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Почитувани пратеници, ни најмалку не е пријатно да се чита овој закон каде што во секој член е потенцирано, министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство. По мене тоа не е од незнаење, но веројатно тој што го пишувал овој закон, сакал да му ја искаже на

министерот својата лојалност и блискост. Па, така од еден добар закон со сето ова се направило штета на законот.

Во членот 5 е предвидено одредувачите на сите категории на говеда, овци, кози и свињи и коњи се должни да ги одбележат, заради нивна идентификација и утврдување на сопственоста. Во членот 6 се предвидува одбележувањето на добитокот да го врши правно лице и тоа лице со завршен Земјоделски факултет, сточарска насока. Јас не би се сложил со фактот дека е потребно одбележувањето на сите категории на добиток, независно од нивниот број. Предлагам одбележувањето на добитокот да се врши само ако нивниот број е над 1. Во спротивно што ќе се случи. Ќе појдат овластените лица по селата и ќе започнат да ја одбележуваат и по една свиња, што многу домаќинства си ја чуваат за свои потреби. Се разбира за тоа одбележување ќе мора сопственикот да плати одреден надомест. Затоа, предлагам одбележувањето на добитокот да се врши во фармите и оној што е наменет за пазарот. А домаќинствата што чуваат по една свиња за свои потреби да бидат изземени од овој закон. Во членот 11 став 3 се предвидува утврдувањето на квалитетот на приплодните грла да го врши соодветна комисија формирана од министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, а тоа е и добро, меѓутоа, сметам што веднаш потоа во истиот член 11, став 6 стои дека министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство ќе ја пропише висината на надоместокот за работа на комисијата. Мое мислење е дека во министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство може да се изготви еден правилник за работа на сите комисии, како и за висината на нивниот надоместок. Такви комисии во министерството има многу. Комисија за признавање на пестициди, Комисија за утврдување и признавање на нови сорти од поледелство, градинарство, Комисии од областа на сточарство, Комисии од областа на шумарството итн. Понатаму, во член 14, став 3 стои "Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство поблиску ќе ги пропише условите што треба да ги исполнува правното лице што ќе се занимава со добивање семе"

Член 15, став 3 "Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство ќе го пропише начинот за евиденција, видот. квалитетот, количеството и испораката на добиеното семе".

Член 16, став 2 "Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство ќе ги пропише потребната опрема за аплицирање на семето и за водењето евиденција на осеменетите грла.

Член 17, став 3 "Министерот за земјоделство, шумарство и водосстопанство поблиску ќе ја пропише програмата за спроведување на оспособувањето на кадри за вештачко осеменување".

Член 19, став 1 "Производството на ембриони врши правно лице овластено од министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство".

Член 19, став 3 "Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство поблиску ќе ги пропише условите од член 19 став 2".

Член 20, став 2 "Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство поблиску ќе ги пропише содржината и начинот на водење евиденција, како и начинот на чување и пресадување на ембриони".

Член 21, став 3 "Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство поблиску ќе ги пропише потребната опрема за пресадување на ембриони и начинот за водење на евиденција од став 2 на овој член.

Член 22, став 2 "Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство поблиску ќе ги пропише програмата, времетраењето и оспособувањето и образецот на потврда за оспособување за вршење на ембриотрансфер".

Член 23, став 2 "Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство ќе го пропише начинот за конзервирање на генетската вредност на афтотоните раси на добиток".

Член 24, став 5 "Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство ќе ја пропише висината на надоместокот за работа на Комисијата за признавање на новосоздадени раси и хибриди на домашни животни."

Член 34, став 2 "Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство ќе ги пропише условите од став 1 алинеја 1 и 2 од овој член, а се однесува на правните лица што произведуваат добиточна храна.

Член 37, став 2 "Условите во поглед на квалитетот во составот на добиточната храна ги пропишува Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство". Не сум баш убеден дека министерот треба да го утврди и составот на добиточната храна. Министерот има

многу поважна работа, а составот на добиточната храна, ќе го утврдуваат научните институти во Република Македонија.

Член 40, став 4 "Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство поблиску ќе ја пропише потребната опрема од став 3 за вршење на анализи на добиточната храна. Опремата за вршење на хемиски анализи на сточната храна" ќе си ја бараат и ќе ја купуваат овластените правни лица, а не министерот.

На крајот, што е оправдано во член 42 "Надзорот на спроведувањето на овој закон да го врши "Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство".

На крајот би сакал да укажам дека пренагласената улога и ингеренциите на "Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, што се потенцирани во 25 члена од законот за сточарство, не е оправдано. Затоа, во амандманската расправа, ќе се обидеме технички да се подобри текстот на законот. Навистина, јас спомнав само десетина члена, каде што е потенцирана улогата на Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, а замислете си дека во овој текст понатаму таква содржина стои во вкупно 25 члена. Навистина ова технички може да се подобри. Ингеренциите на министерот и да останат за одредена проблематика, меѓутоа, тоа технички може да се изведе малку подобро, што сепак се предлагаат одредени амандмани ова повторување на голем број на членови, повторување на Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, да се избегне, а тоа да кажеме, од 3 или 4 члена од овој Закон, да биде содржано во еден член, каде што ќе се спомнат и ќе се повикаат во тој член одредбите што сака да се постигне со ингеренциите на министерот од претходните два члена.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Г-дин Ајдарага.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитувани членови на Владата и останатите кои сте тука во Собранието.

Денеска имаме на дневен ред еден од важните закони за развојот на земјоделството. Станува збор за законот за сточарство, гледано од мој аспект, настојува да даде едни современи решенија во однос на неговата примена. Чувме некои забелешки од страна на предходниот дискутант, во кои јас не би сакал да се вмешам, меѓутоа би можел да кажам дека пред овој закон, беше предмет на разгледување на комисијата за земјоделство, каде што јас учествувам, меѓутоа, на едно место, всушност, не успеав да кажам некои мои забелешки, за кој што сакам тука да укажам. Всушност, тоа е прашањето на давањето на овластување за вршење на одредени земјоделски услуги. Прашањето е многу јасно, ќе станува збор можеби при дискусијата поврзана со законот за ветеринарство, а тоа прашањето на вештачкото осеменување на приплодните грла. Еден од условите е, покрај тоа што треба да има одреден стручен кадар, да располага и со опрема и за тоа ќе води сметка Министерството за земјоделство. Меѓутоа, она што сакам тука да нагласам е прашањето на опремувањето на тие што ќе вршат вакви земјоделски услуги. Зошто ова прашање го поставувам? Станува збор за недоволна опременост на одредени институции кои се бават со оваа дејност. Еве конкретно да го кажам примерот со ветеринарната станица во Дебар. Таа е недоволно опремена за обавување на оваа работа. Зошто ова го кажувам? Станува збор за недоволна опременост со одредени контејњери, кои што служат за чување на семето за вештачко осеменување. Позната е технологијата при какви услови се чува, а тие располагаат, колку што мене ми е познато, само со еден таков контејњер и кој што истовремено се користи за набавка, а исто така и при користењето на спермата за вештачко осеменување. Во моментите кога се врши набавка а таа набавка е познато како се врши, се врши преку одредени овластени претпријатија односно одрагни кои се бават со промет на таа материја и што станува? Во времето кога контејњетот е да се набавува нови количини на сперма, тој резерва нема, за да може да се користи такво семе во случајот и што станува, станува да останувaат

во тој период тие приплодни грла неоплодени. А што значи тоа не би сакал да должам, бидејќи тоа е позната работа, треба ако не повеќе да се чека еден месец и другите реперкусии не би сакал да ги набројам. Заради тоа, мислам дека овде при давањето на одобрението, треба да се води доволно сметка во набројувањето на минималните услови и по мене треба да биде најмалку два апарата, или најмалку два контејњери за оваа намена. Во спротивно, не би било добро таква работа да се дозволи на било кој. Другите определби ги прифаќам и мислам дека овде се настојува односно со овој закон се настојува да се постават едни други основи во однос на развојот на сточарството. Зошто велам други основи? Велам заради тоа што ние во практиката до сега имавме такви состојби, кои што морам да кажам, му наштетуваат на развојот на сточарството. Познати се работите со обележувањето и онаа работа која што тука настојувам односно се настојува да се реши, мислам дека не ќе биде лесна работа но во секој случај може да се оствари со малку поголемо ангажирање заради што беше понудено и амандман од страна на комисијата за земјоделство по однос на ова прашање и мислам дека обележувањето ќе стави крај на одредени работи, кои што се одвиваа во нашата практика до сега. Особено, по однос на појавата на болести кај добитокот, болести кои што му нанесоа на нашето сточарство големи штети и кои што, доколку не преземаме мерки, можат да нанесат уште поголеми штети. Затоа, треба да дадеме поддршка на законот и да настојуваме тој да биде применуван правилно во практиката.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали некој друг бара збор.

Г-дин Докузовски, Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**КИРО ДОКУЗОВСКИ:**

Дами и господа пратеници, се јавив да појаснам некои работи околу законот не со цел да ги убедам тие што поинаку мислат, туку

навистина сакам некој работи да потенцирам. Законот за сточарство е стручен закон кој има за цел да ги разграничи што е сточарство, што е ветерина, за да нема испреплетување во надлежостите и во компетенциите во решавањето на проблемите.

Второ со овој закон сакаме да создадеме сигурна база за производство на приплоден подмладок кој што е биден за развојот на оваа гранка во Македонија, за која што имаме и ориентација на развој, за која што имаме услови за развој за која и Владата создаде претпоставки со насочување на кредитни средства за поттикнување на сточарството во оваа држава, користење, се разбира, заеми, странски заеми за сточарството. Без ова ние и натаму ќе увезуваме месо, како што знаете, скоро во сите дејности со јагнешкото месо ние сме увозници на месо.

Потоа, сакаме со овој закон, посебно да го потенцираме прашањето на обврската за водење на евиденција на добитокот, не таа да претставува факултативна туку навистина вистинска обврска со цел да ги елиминираме дивите пазари на добиток во Македонија, дивите продавања на добитокот кој што не може да се контролира ако тој не е обележан, дивото клање како опасна појава во нашата држава, која зазема се поголем замав а без оваа мерка тоа не можеме да го спроведеме ниту да го контролираме. На крајот да потенцираме дека земјоделството треба да свати дека негова е сопственост и треба да биде негова обврска ако сака да го чува треба и да го обележи и заради негова евиденција. За да не биде погрешно сватено, бидејќи знаеме често пати да дадеме во оваа ситуација дека се предпагаме на земјоделецот да плати и слично, сите закони што ќе ги предпагаме во оваа свера за која што сум јас одговорен како министер, се проследени и со посебни програми на активности поддржани со материјални средства. Конкретно за овој закон од 1 јануари 1998 година ќе отпочне организирана мрежа на служби преку станиците за обележување на сите видови на добиток утврдени како обврска во членот 5 од овој закон. Тој проект содржи опремување на ветеринарните станици за вршење на оваа дејност, набавки на маркици, софтвер кој што ќе ја врши оваа работа современо не само еднаш, туку да биде трајна мерка која ќе остане во државава, бидејќи треба да создадеме база на патоси и на добитокот во нашата држава. Ако ова не го направиме, ние ќе се

соочуваме како што се соочувавме во минатото и годинава со постојани забрани на увозот и извозот на јагнешкото месо, говетско месо и сл.

Оваа мерка што многу пати во расправата се потенцираше предвидува само за целиот зафат да се оствари околу 3.000.000 долари вредност. Ќе се остварува во време од 2 години, почнувајќи од јануари 1998 година. Во оваа мерка земјоделците учествуваат само со 85.000 долари во партиципацијата на обележување и тоа за говедата само 15 денари, за свињите 5 денари и за овците и козите 1,5 денар по грло. Сосема симболична сума за да ја сватат тие се обврзани да го прават ова а не сточарите. Државата ова го прави за да им олесни на сточарите. Ако не плати селанецот тој ќе чувствува обврска дека треба да се грижи за евиденцијата на тој добиток. Од тие причини и тие што беа амандмани поднесени, во расправата јас не ги прифатив, во одборот за земјоделство, сигурно тоа и денеска ќе го направам.

Околу прашањето за вештачкото осеменување на добитокот што беше спомнато во дискусијата, тоа е прашање решено во законот за ветеринарство, кој концепциски после ќе го објасниме можеби, но да кажам, бидејќи беше спомнато овде, оди до таму станиците да не се приватизираат и да се отвори циклус на приватна иницијатива во станиците да градат, нови ветеринарни станици, да создадеме конкуренција, за да имаме поефтини услуги на земјоделците во оваа гранка. Еве само толку како додатни објаснувања во дискусијата што беа поставени.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на претресот на законот.

Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство поднесе амандман на член 4 став 3 и член 7 став 3 со кој се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство поднесе амандмани на член 5 за додавање на нов став по ставот 1 и на член 51 став 4 со кој претставникот на Владата не се согласил, односно не се произнел.

ЗПК поднесе амандман на член 4 став 3 и на член 4 6 став 4 со кој се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Илија Каров и Мирко Трипуновски поднесоа амандман на членот 3, став 2 и член 4 став 2 и член 12 став 2 алинеја 2 и на член 49 став 1 точка 1, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Илија Каров поднесе амандман на член 4 став 2 и на член 12 став 2 алинеја 2 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Илија Каров поднесе амандмани на член 5 за додавање на нов став 2 по ставот 1, на член 11 за бришење на став 6, на членовите 14 и 15 за бришење на став 3, член 16 за менување на став 2, член 19 за бришење на став 3 и на член 20 за бришење на став 2,

членот 21 за менување на став 3, член 22 за менување на став 2, член 24 за бришење на став 5 член 34 за бришење на став 2 и на член 52 за додавање нов став 1 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 3 став 2 поднесен од пратениците Илија Каров и Мирко Трипуновски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**КИРО ДОКУЗОВСКИ:**

Ако може претходно да направиме една интервенција. Во членот 4 имаше амандман од земјоделие кое што беше прифатен за 5 години рокот на донесување на ЗКП , дојдовме до сознане дека рокот е краток и го прифативме амандманот во рок од 10 години. Според тоа треба да биде конечно амандманот на ЗПК да биде 10 години. Во членот 4 амандманот да биде носечки.

Членот 3 став 2 после зборот "кози" да се додаде и зборот "овци и говеда" ф не го прифаќаме. Да објаснам зошто. Козата е живо но која 60% од својата исхрана ја обавува со брсење на шумски и овошни стебла и нанесува штети во земјоделството и таа треба да биде под посебна контрола, одколку другите видови на животни. Тоа е причината за не прифаќање на овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, кој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за , молам да крене рака? (14)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 4 став 2 и на член 12 став 2, алинеја 2 поднесен од пратениците Илија Каров и Мирко Трипуновски.

Молам, претставникот на Владата да се произнесе.

**КИРО ДОКУЗОВСКИ:**

Со огледа на тоа дека Министерството и Владата донесуваат Годишна програма за поттикнување и развој на земјоделството, со овој закон прашањето на програмите е извишено на национално ниво кое што го употребуваат повеќе земји во Европската унија, со цел да му даде значење на развојот, генетскиот потенцијал да го насочи на подолгорочен период за да не се случува што се случува сега . 2 години ќе увозиме овца аваши, па ќе ја оставиме настрана, па по 2 години хилос овца па ќе ја оставиме настрана и т.н. Мора нашата наука да донесе национална стратегија за развојот на сточарството на подолг период бидејќи таков е карактерот на оваа гранка. Ништо не зборува освен долгорочен развој на оваа гранка кој е поставен на доста стручни и темелни основи. Се што е краткорочно кое досега ни беше е лошо и од тие причини да не се јават две програми, целта е да го имаме овој термин , бидејќи не треба да страхуваме во цела Европа вакви програми постојат и ние ги копиравме и мислам дека нема да. има поголема штета ако остане вака. Од тие причини сметам да не се прифати амандманот.

**МИРКО ТРИПУНОВСКИ.**

Почитуван претседателе, јас во целост го прифаќам образложението дека ќе има програма, дека ќе биде ваква и таква, дека генетскиот потенцијал ќе биде тој и тој, но не се причините во тоа во амандманот. Сметам дека за животни не може да биде национална програма.

Мора да има друг термин, друга терминологија. Сметам дека тој пристап национално е многу појак отколку што треба да го имаме во овој закон. Од тие причини заедно со колегата Каров го предложивме ова техничко подобрување.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ.**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (23)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 4 став 2 и на член 12 став 2 алинеја 2 поднесен од пратеникот Илија Каров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**КИРО ДОКУЗОВСКИ:**

Тоа е иста проблематика.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (16)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 5 за додавање нов став по ставот 1 поднесен од комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**КИРО ДОКУЗОВСКИ:**

Амандманот не го прифаќаме од причина што само би оптовариле дека Републиката ќе организира обележување , тоа зборува во членот 6 , а спомнав дека веќе државата го прави со посебна програма на мерки.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Мислам дека го слушнавме образложението на министерот,а јас излегов на говорница да кажам кој се причините зошто го предложувам овој амандман. Станува збор аз една многу по мене и по оценка на Комисијата важна мерка, која што треба да се спроведува. Резултатите на функционирањето на таа мерка се општо познати и не би сака да Ве заморувам, бидејќи минатата, односно пред минатата година расправавме за тешките состојби со лигавката и шапот, па не би сакал многу да зборувам за тоа. Мислиме дека со она што предложивме амандман Републиката да го организира обележувањето на домашниот добиток со тоа му даваме едно многу поголемо значење. Му даваме значење кое и пропаѓа на оваа мерка. Резултат на сите тие работи кои не се вршеа во минатото беше она што го имавме со последиците од лигавката и шапот. Јас мислам дека доколку му придаваме значење, како што се предлага со амандманот, мерката ќе биде успешно спроведена. Зошто тоа го нагласувам дека ќе биде успешно. Нагласувам од причина што кога е во прашање државата, мислам дека тогаш мерките подруго се спроведуваат. Во решенијата кои што се понудени во законот е дадена можноста да се овластува организацијата од страна на министерството за земјоделие кое ќе ја обавува таа дејност. Од искуството поучени, мислам

дека добро е тоа да ое овластува организацијата. Меѓутоа, состојбите ни се такви денес, ние мора да ставиме рака врз спроведувањето на таа мерка. Единствено така успешно може да се спроведува мерката. Знаеме како се одвиваа одредени работи во досегашниот период кога се оставаше организациите да ги спроведуваат и заради тоа дадовме ваков амандман, кој барам да биде прифатен од страна на пратениците.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (17)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 5 за додавање нов став 2 поднесен од пратеникот Илија Каров.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**КИРО ДОКУЗОВСКИ:**

Не се прифаќа амандманот.

**ИЛИЈА КАРОВ:**

Изгледа денеска министерот е посебно расположен да не прифати ни еден амандман, меѓутоа, јас би сакал да укажам на следната работа. Многу селски домаќинства чуваат ако не повеќе барем по една свиња за свои потреби, не за пазар. И замислете сега ако се изгласа ввој закон без интервенција со овој амандман, можеби судовите ќе ги пренатрупаме со пријави и со казни само по овој основ.

Казната за неодбележана макар и една свиња што се чува по селата ќе биде од 20 до 150 илјади денари ако сопственикот ја чува оваа свиња или прасе и не го продава, едноставно го чува за свои потреби. Јас можам да се согласам дека овие домаќинства што чуваат живина за пазар да вршат и одбележување. Да се верификува то; дека тоа е за пазар. Меѓутоа , она што е за домашни потреби и ние апсолутно да ги задолжуваме со закон да се врши одбележување и на оваа живина, мислам дека не е добро едноставно се гледа дека дај штс можеш да земеш од земјоделците, од сточарите па покрај кучињата па еве сега и од свињите па и незнам што друго ќе им текне на Владата и на предлагачот на овој закон, дека апсолутно го имаме и ние тоа право пратениците, па апсолутно сите сточари, сите земјоделци да ги оптовариме по било кој основ. Па така и другите закони што се предлагаат и Законот за ветерина и овој , едноставно тоа е море од забелешки од ставки кои треба да ги плаќаат сопствениците, селските домаќинства, оние што се занимаваат со добиток и со чување на друга живина. Од тие причини мислам дкеа навистина ќе претераме, ако дозволиме да се изгласа законот како што е понуден без овој амандман. Мислам дека овој амандман ќе наиде на разбирање кај пратениците.

**КИРО ДОКУЗОВСКИ:**

Очигледно не се разбираме во концепцијата на законот, ниту во мерката што е тоа одбележување на добитокот. На нашите селани не им дошло до седум ипол денари да платат за еден добиток да му биде одбележан.Сите имаат по едно грло во Македонија.Ние немаме фармери со стотина животни. Дивите пазари во Струшко на границата сите по едно грло носат на пазарот. Нема исклучок. Ќе ставиме ли се под евиденција, или ништо. Тогаш кога ќе фати сообраќајната милиција камиот

со добиток ќе каже ова е од тие што имаат по едно собрано. Не смее да остане ништо неевидентирано, ако сакаме да ставиме ред. На нашите земјоделци да не им продаваме демагогија. Тие знаат подобро од нас, дека забраните за лигавката и шапот што им донесоа. Им донесоа да гк продаваат по пола цена на арапскиот свет. Тоа тие го платија не ние. И оттаму овој проект кој не чини како држава 3 милиона долара задолжени во странство кој го спроведуваме, Ви ветувам ќе Ви биде доставе да се запознаете. Не го правиме илегално. Почнуваме од Велес каде што имавме болест, Куманово каде што имаме нај напредна служба да го спроведува ова и Неготино и Скопје, со тоа што за 2 години цела Македонија ќе ја заврши оваа работа. Набавена е опрема, набавени се компјутери, набавени се маркици, обучен е кадар и ова ќе го правиме. Не се вклучуваат во оваа програма јагнињата за колење и прасињата. Терминот е употребен за свињи, овци, кози говеда. И оттаму секое исклучување значи девалвирање на целата програма ние се занимаваме и натаму со забрани за извозите и слично. Овој проект подразбира комплетно затворање на мрежата. Досега немавме закон за оваа работа. Затоа со закон и со пари ова го спроведуваме. бројките се само симболика за да се свати дека земјоделецот имал врска да се грижи да го чува животното и да го пријавува за одбележување. Ништо друго, никакво ограничвуање повеќе.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучуваме претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (15)

Отворам претрес по амандманот на член 11 за бришење на став 6 поднесен од пратеникот Илија Каров.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**КИРО ДОКУЗОВСКИ:**

Овој вид амандман не е прифатлив.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 14 и 15 за бришење на став 3 поднесен од пратеникот Илија Каров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Киро Докузовски, министер за земјоделие

**КИРО ДОПУЗОВСКИ:**

Од исти причини не го прифаќаме амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (12 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 16 за менување на став 2, поднесен од пратеникот Илија Каров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Киро Докузовски, министер за земјоделие

**КИРО ДОПУЗОВСКИ:**

Не се прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (12 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 19 за бришење на став 3 и член 20 за бришење на став 2 поднесен од пратеникот Илија Каров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Киро Докузовски, министер за земјоделие

**КИРО ДОПУЗОВСКИ:**

Не се прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? ( 6 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 21 за менување на став 3 поднесен од пратеникот Илија Каров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Киро Докузовски, министер за земјоделие

**КИРО ДОПУЗОВСКИ:**

Не се прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Амандамнот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (6 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 22 за менување на став 2 поднесен од пратеникот Илија Каров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Киро Докузовски, министер за земјоделие

**КИРО ДОПУЗОВСКИ:**

Од исти причини не се прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Амандманот го ставам на гласаше. Кој е за, молам да крене рака? ( 6 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Осторам претрес по амандманот на член 24 за бришење на став 5 поднесен од пратеникот Илија Каров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Киро Докузовски, министер за земјоделие

**КИРО ДОПУЗОВСКИ:**

Не се прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (7 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 4 за бришење на став 2 поднесен од пратеникот Илија Каров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Киро Докузовски, министер за земјоделие.

**КИРО ДОПУЗОВСКИ:**

И овој амандман не се прифати.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? ( 6 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 49 став 1 точка 1 поднесен од пратениците Илија Каров и Мирко Трипуновски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Киро Докузовски, министер за земјоделие.

**КИРО ДОПУЗОВСКИ:**

Ова е во врска со членот 3 што не се прифати амандманот, не го поддржуваме од исти причини.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? ( 8 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 51 став 4 поднесен од Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Киро Докузовски, министер за земјоделие

**КИРО ДОПУЗОВСКИ:**

Не се прифаќа, мислиме дека година дена е доволна и ке ја извршиме обврската.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Ристо Трајков

**РИСТО ТРАЈКОВ;**

Почитувана претседатеале, почитувани пратеници, Во образложението на законот министерот констатира дек обаележувањето ќе трае две години. Во образложението, исто така на законот, министерот рече дека ќе трае три години. Сега, како може забрана да ставиме на промет на стока ако обележувањето трае две или три години?

Овде се регулира начинот на промет на стоки. Ако не се прифати ова две години, стока не може да се извади на пазар д асе продава необележана после една година. А, обележуваењто ќе трае две или три години. Почна од 1995 година, не е довршено ништо, сега ќе почне 1998 година, ќе трае три години, а ние прометот го забрануваме на една година. Размакот од оваа една година мислам дека треба министерот тоа да го прифати затоа што се регулира начинот на промет со овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Докузовски

**КИРО ДОКУЗОВСКИ:**

точно е тоа дека во Комиснајта беше прифатен овој амандман и мсилам дека е составен дел на Законот. Според тоа, не една, туку две години. На Комисијата беше прифатен.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Значи, амандманот е прифатен.

Отворам претрес по амандманот на 52 за додавање нов став 1 поднесен од пратеникот Илија Каров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Киро Докузовски, министер за земјоделие

**КИРО ДОПУЗОВСКИ:**

Не се прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Амандманот го ставам на гласање

Кој е за, молам да крене рака? ( 4 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на законот.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на закон го ставам на гласање.

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за сточарство.

Минуваме на точката 2 - Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата за трговија меѓу Македонската Влада и Владата н а Чешката Република, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Спогодбата за трговија меѓу Македонската влада и Владата на Чешката Република.

Кој е за, молам да крене рака? (64 пратеници)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон?

Кој е за молам да крене рака ? (62 пратеници)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласаше? (никој)

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (63 пратеници)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Спогодбата за трговина меѓу Македонката Влада и Владата на Чешката Република.

Минуваме на точката 3 - Предлог за донесување на закон за ратификација на Рамковнатата конвенција на Обединетите Нации за климатските промени, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на закон и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам кој бара збор?

Има збор г-дин Пецов

**МИРКО ПЕЦОВ:**

Почитувани пратеници,

Сакам да дадам целосна поддршка на Законот за Рамковната конвенција на ОН за климатски промени. Самиот факт што Конвенција е на ОН го покажува значењето на проблемот.

Меѓутоа, целта на моето јавување е да укажам дека не е доволно и не сме ја завршиле работата со ратификација на оваа Конвенција. Напротив, треба активен однос за намалуваше на атмосферските концентрации на гасови што предизвикуваат ефект на таканаречена стаклена градина, што пак доведува до затоплување на површината и атмосферата на земјата. Катастрофално влијае врз природните ЕКО-системи и човештвото.

Денеска, скоро секаде во Светот преку ГЛОУП-организацијата се прават конкретни чекори со конкретни цифри. Така, финалната конверенција што наскоро ќе се одржи во Кјото - Јапонија, претседателот на САД се изјаснил дека САД ќе ја намали емисијата за 20%. Европската унија се изјасни за процент од 15%. На пример, Словенија се изјасни за 10% итн., во други земји. Што значи дека Македонија низ некои конкретни потези треба да утврди со кој процент, на пример 5 или 10 или слично, може да го намали емитувањето на гасови без да има штетни последици за нашата економија.

Ако за тоа стварно и конкретно се заложиме, ќе добиеме мал, но конкретен придонес за оваа заедничка грижа за човештвото.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам кој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор повеќе, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Рамковната конвенција на ОН за климатските промени

Кој е за, молам да крене рака? (68 пратеници)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака? (67 пратеници)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот по Предлогот на законот. Дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предолгот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рак? (69 пратеници)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (еден пратеник)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Рамковната конвенција на Обединетите нации за климатските промени.

Минуваме на точката 4 - Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за поттикнување на развој на земјоделството со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на закон мислењето на Владата и извештаите на работните тела на Собранието ни се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон

Молам, кој бара збор?

Има збор г-дин Тантаров

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почотуван претседателе, почитувани пратеници и министри,

Како предлагач на Законот за враќање на премиите за земјоделските производи за нашава држава станува збор за пченица, сончогледот, шеќерната репа, маслената репа и млекото, предлагам овој закон да се донесе во две фази. Денеска да се донесе само предлогот за донесување на закон,а Предлогот на закон да се гледа на една од наредениве седници.

Состојбите со производство на земјоделски култури што имаат витално значење за државата, на сите им е јасно дека не се добри.

Производството на пченица, сончоглед , шеќерна репа, млеко, маслена репка по укинувањето на државните стимулации што беа насочени за обезбедување на поголем и посигурен род од овие производи е натрзпано со производни проблеми што се заканувaат на нашите ораници овие производи за кусо време да ги снема. А, од шталите не чини добитокот. Без премии, гарантирани цени и регреси за семињата, минералните ѓубрива , хемиските препарати и горивото не може да се организира производство на овие земјоделски култури што имаат посебно значеше за државата.

Селанецо, господо пратеници нема повеќе ниту сила, ниту моќ, ниту сметка да се занимава со нивното производство,. Од нив сега, засега нема никаков чар. Со откупни цени на пченицата сончогледот шеќерната репа и на млекото и маслената репка што се донесени пред 4 години и четири пати до сега зголемена цена на репроматеријалите што се вложуваат за нивно производство, станува збор за ѓубривата, за семето, за хемијата, за горивото, машините и резервните делови, не може повеќе да се произведуваат овие култури.

Господо, во Пелагонија како најголема котлина за производство на жито сега, засега, сметките покажуваат дека од пченицата на селаните и на Комбинатот им останува само сламата. Друго ништо производството на храна покрај примена на современата агротехника е зависно и од два други фактори: од времето и од аграрната политика на државата. А , аграрната политика на државата кон виталните производи за државата не чинат.

Почитувани пратеници,

Нашето селанство, темелникот на државата и чуварот на нејзиниот социјален мир преку неговото евтино селско-стопанско производство бара да им се вратат овие државни -мерки како што беа досега.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ**: (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Да се вратат премиите на пченица, сончоглед, шеќерна репа, маслодајна репка и млеко. Да се вратат заштитните цени на овие производи и да се вратат регресите за нивните репроматеријали. Со враќањето на овие државни мерки за повеќе храна селаните би го добиле тоа што најмногу го посакуваат, прилика со сопствени напори да излезат од селската сиромаштија и изградат подобра иднина за себе и децата во своите забаталени селски средини.

Производството на храна претставува национален интерес за државата. Тоа е непобитен факт. Тоа е стара вистина колку што е стара државата и најстарото занимање на човекот земјоделството. Ако е така тогаш за остварување на овој интерес државните мерки за стимулирање на виталните производи на храна треба и мора да се вратат и да бидат во функција на овој државен интерес. Да бидат една врста државен поттик за повеќе храна од нашите домашни ора- ници, а не храна од увоз и полнење на џебовите на оние што го вршат тоа. За овие мерки мора да се најдат пари. Ако нема во буџетот ќе има во некој фонд за храна чие формирање е неминовност и за тоа ќе се согласи министерот за нашето село. Парите од царинската заштита на аграрот треба да се враќаат во аграрот, кој, како што вели народот е прилика да се препознае домаќинлакот на една држава. Без аграр државата не е држава. Во нашата држава аграрните стимулации се укинати пред три години.

Прво ги снема селективните кредити, потоа регресите за гориво за тракторите и на крајот отидоа јабана и премиите. Што доби а што изгуби државата со укинувањето на премиите? Интересно прашање. Народните пари од буџетот што одеа за аграрот сигурно отидоа во некои други намени. Каде повеќе знае Владата. Тоа го доби државата на овој план, а

господа изгуби многу. Го изгуби производството на сончоглед, маслодајна репка, шеќерната репа, сега од својата средина ја изгуби пченицата и млекото. Ќе посочам само два-три примери за овие култури во најголемата котлина, како што реков, Пелагонија.

Пред укинувањето на овие аграрни стимулации селаните од ова подрачје произведуваа 5-6 илјади тони сончоглед годишно. Ова е вистина, што може да се види на секој чекор, односно се гледаше на секој чекор пред укинувањето на овие стимулации. Годинава производството на сончоглед во Пелагонија, зборувам во приватниот сектор, изнесува само 50 тони, тоа е и грев и срам за производителите на оваа култура.

Во 1995 година откако во претходната година се зголеми цената на пченицата на државата битолските селани и предадоа 33 илјади тони пченица. По бришењето на премијата во 1996 година се предадени околу 10 илјади тони пченица, а годинава оваа бројка е уште помала. До година сигурно ќе има уште помалку пченица затоа што покрај тоа што земјоделското производство влијае лошата аграрна политика, односно цените и укинатата премија и времето не дозволува да се изврши сеидбата до крај.

Овие состојби со овие културни сигурно се присутни и во другите подрачја од нашата држава. Инаку, за млекото што да се каже? По укинувањето на премијата и неговото производство почна да се тркала низ удолницата. Без премијата, што беше единствен ќар од неговото производство мини краварските фарми не можат рентабилно да работат. Згора на оваа тешка состојба имаме и една друга мака во производството на млеко. Увозот на млеко од Словенија и другите држави го отежнува пласманот на домашното млеко. Млекарниците не

можат на време да го платат откупеното производство, бидејќи млекото што го откупуваат од селаните не можат да го продадат.

Господа, овие примери мислам дека јасно говорат каде оди домашното производство на пленица, сончоглед, шеќерна репа, маслодајна репка и млеко. Се надевам дека мојот Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за поттикнување на развојот на земјоделството ќе го прифатите и ова би бил закон за спасување на производството на прехранбените производи во нашата држава.

Ве повикувам да гласате за Предлогот за донесување на овој закон. Инаку, општо е познато, господа пратеници, дека домашната храна колку да е скапа штом ја имаме е секогаш поевтина. Ние ќе имаме тогаш кога кон неа ќе се изменат сегашните однесувања на државата кога покрај другото ќе се вратат премиите на културите што значат живот за нашата држава.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Трипуновски.

**МИРКО ТРИПУНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, колеги и пратеници. Предлогот на колегата Тантаров што во целост го прифаќам и ќе нагласам дека Комисијата за земјоделство, водостопанство и шумарство на вчерашната седница тоа го потврди.

Сигурно во развојот на земјоделието гледам голем потенцијал за излез од економската криза. Искуствата на високо развиените земји

говорат дека државата е таа која треба глобално да го програмира, ориентира и со економски мерки поттикнува и гарантира откуп на производите на стратешките земјоделски производи. Факт е дека Република Македонија и покрај сите предуслови за производство на стратешки земјоделски производи, а за припадноста на мојата партија се производството на жито, производството на сончоглед, т.е. зејтин, производството на шеќер и млеко. Таа и натаму е принудена за овие производи да дава големи девизни средства за обезбедување на пазарот со овие производи. Земјоделието како што денеска е во тешка состојба особено земјоделските комбинати, а поготово индустриските земјоделски капацитети, не е во состојба да обезбеди минимум суровини за активирање на постоечките капацитети за преработка на земјоделски производи, а камо ли за некое ново инвестирање.

Оттука сметам дека како стратегија во развојот на земјоделието мора да најде место откупот и финализирањето на земјоделските производи преку преработка на истите. Свесен сум за мислењето што Владата го направи, но сигурно во однос крајно време е да бидеме организација, да бидеме држава која ќе го стимулира земјоделското производство, ќе дава можности за поголемо ангажирање на земјоделците, бидејќи сето тоа повеќекратно ќе се врати за излегување од кризата на Република Македонија и еден нов инвестиционен циклус.

Од тие причини сметам дека Предлогот на пратеникот треба да добие поддршка од страна на пратениците.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Кој друг бара збор?

Има збор господинот Арсовски.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Јас ќе бидам краток, меѓутоа морам претходно да кажам дека го поддржувам законот за измени и дополнување поднесен од господинот Тантаров од неколку причини иако ние како држава односно како Министерство за земјоделие донесовме закон претходно, односно утврдивме дека ќе немаме одредени премии, меѓутоа, лично сметам дека нашиот селанец односно лица кои исклучиво се занимаваат со земјоделие без премии се најдоа во тешка материјална состојба и се доведоа во ситуација ниту можат да го пласираат своето производство, ниту можат од тоа производство да добијат заради тоа што оваа премија, спомна господинот Тантаров, претставува единствена добивка во однос на целокупното производство.

Овој закон го гледам и како принуда. Овој закон не е по редовен пат, меѓутоа сметам дека е тоа е принуда на некој начин да ја анимира државата па и Владата, односно Министерството за земјоделие да водат поголема сметка во однос на земјоделското производство и да го заштитат нашиот земјоделец заради тоа што можам да констатирам дека земјоделието во државата се наоѓа на најниски гранки и на некој начин е барометар на целокупната социјална ситуација во државата, дури мислам ако земјоделецот нема поголемо производство и не е тоа ефтино производство, тогаш и животниот стандард на граѓаните во Република Македонија би бил позагрозен. Меѓутоа на штета на земјоделците правиме некаков барометар во животниот стандард на населението. Во тој случај гледано од тој аспект кога ќе споредам дека во светот,еве тука прочитав една информација и добив сознанија дека во светот не се применуваат овие мерки на премии, меѓутоа, овие посовремени европски држави тие на некој начин го стимулираат земјоделието преку неколку форми.

Прво, мислам дека го откупуваат целокупното производство оној вишок на производство, така што селанецот, односно земјоделецот во извесна смисла е сигурен она што ќе го произведе државата ќе го откупи без разлика на штета на државата, бидејќи таа авансира со поголем дел на средства и го заштитува земјоделецот во тој дел.

Второ, мислам дека постојат сериозни даночни олеснувања во однос на земјоделците, така што земјоделците се ослободени од многу даноци. Да не кажам нашите земјоделци кои се наоѓаат на територија за наводнување, гледате колку се оптоварени за оној задолжителен дел или за другиот дел за користење на вода, да не зборувам за другите обврски кои настануваат.

Лично сметам дека во таа информација прочитав дека се даваат многу поповолни кредити со грејс периоди, со никаква камата и во тој дел нашиот земјоделец за десетина години има шанса да може да произведува, да создава доход, на некој начин да репродуцира она што го произвел денеска да го потроши и веќе има снага да може пак да произведува. Сведоци сме токму оваа есен да ни се случи нешто репроматеријалите како што се вештачките ѓубрива поскапеа 10-15-20% во зависност од местото каде се продаваат, а сепак пченицата, сончогледот и другите производи останаа под контрола да не кажам загарантирана цена 10 денари за пченицата, сончогледот толку, маслодајната репка толку и тн. Што е многу битно нашиот земјоделец е сега незаштитен. Го продава млекото, го продава сончогледот и другите производи посебно месото, а не е во можност да дојде до материјални средства заради тоа што оние што ги купуваат производите доцнат со наплата 10, 20 , па дури и цела година и во тој дел практично нашиот производител е доведен во ситуација да не може да има материјални средства да го обнови производството, дали се работи за пченица,

сончоглед и тн. Што е најбитно мислам дека современите држави авансираат во самото производство. Тоа авансирање значи дека му даваш пари и го чекаат неговото производство да го откупат и дури тогаш да издвоиш она што земјоделецот бил задолжен. Во таа смисла го поддржувам овој закон за изменување и дополнуваше како принуден закон инаку во спротивно лично сметам ако не обезбедиме одредена премија, а таа премија ја гледам во вид на една солидарност во рамките на буџетот на државата, секој граѓанин да учествува по малку во самото производство со единствена цел да добие поквалитетен производ и-поефтин, едноставно да го зачува својот животен стандард.

Еве, уште еднаш повторувам дека го поддржувам овој закон

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Талимџиоски.

**ПЕТАР ТАЛИМЏИОСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници. Предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за поттикнување на развојот на земјоделството,со Предлог на закон од господинот пратеник Вељо Тантаров, кажувам дека го поддржувам, меѓутоа го поддржувам со она што мислам да го искажам или дополнам, а верувам дека господинот Тантаров тоа ќе го има во предвид.

Прво, знаеме дека нашата земја е прилично сиромашна земја, но една држава не е сиромашна, бидејќи не е развиено земјоделието, додека земјоделството секогаш е неразвиено само во сиромашна земја.

Кога го мислам ова мислам дека на сето она што значи поттикнување на производството како да го поттикнеме тоа производство, дали со она што е искажано едностранчиво само со една премија или со една култура, мислам дека не, таквата стимулативна мерка која е без програма, без долгорочна програма за развој на земјоделството кое навистина може да донесе пресврт во земјоделството и да помогне за да можеме и квалитетно и навремено и количински да произведеме. Не е целта земјата да му се даде, како што рече Тантаров, на земјоделецот, односно на селанецот. Јас би рекол обратно треба да сватиме дека треба на земјата да и се врати селанецот, односно таа земја да биде токму на правиот земјоделец. Правиот земјоделец денеска незнам дали го имаме и каде е тој. Зошто? Го населивме или се насели во градовите напуштајќи ја земјата токму од она што сега го велиме укинување на се што е негово. Ние го оставивме без гарантирана цена, го оставивме без сите стимулации иако реков дека тие не се лост се што можат да превртат и да направат, но сепак се мерка која навистина можат да сторат во тоа поттикнување на земјоделството.

Ова го зборувам да не биде едностранчиво заради тоа што мислам дека само со донесување на една долгорочна програма на еден вистински развој, на едно планско планираше на културите било тоа регионално или за цела Македонија која култура, во какви количини, каде за да можеме да ја снабдуваме или да ја стимулираме со квалитетни средства. Кои се тие квалитетни средства? Поединечно навистина не ќе можеме ништо да сториме ако не е програмирано ценам дека е потребно да се формира фонд за земјоделско производство, а нека биде тој фонд и во буџетот и оттука да може да се црпи за културите кои навистина ќе

ни бидат и како стратешки и култури кои ќе го вратат реномето на култури на самата земја Македонија кои и те како беа и треба да останат.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Кој друг бара збор?

Има збор господинот Котевски.

**СЛАВКО КОТЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, драги пратеници. Претходниот дискутант кажа нешто што јас сакав да кажам, меѓутоа, некои работи ако ги потврдам.

Поднесениот предлог од господинот пратеник Тантаров го поддржувам за изменување на Законот за поттикнување на развојот на земјоделството, со Предлог на закон го поддржувам и ќе гласам за него.

Ние знаеме дека основната задача која е дека нашата држава е земјоделска и сеуште земјоделието има потреба од помош од државата. Дали тоа ќе биде премија или друг начин со што ќе се овозможи од оваа состојба во која се наоѓа земјоделието постепено излегува.

Пак ќе повторам ние сме земјоделска држава и потенцијалите кои ги поседуваме треба да се искористат. Сакале да признаеме или не, ние немаме стратегија во земјоделието за еден подолгорочен период. Како да ги напуштивме стратешките култури, пченицата, сончогледот, шеќерната репа, а на пат сме тоа да го направиме и со млекото. Македонија, во однос на земјоделското производство каде што се произведува сама по

себе е реонизирана. Пелагонија ако е предодредена за производство на пленица, сончоглед, шеќерна репа, сите активности треба да ги направиме тука затоа што приносите се двојно поголеми и доколку имало премија или немало приносите кога се поголеми мислам дека доходовноста по однос на хектар ќе биде поголема.

Истото тоа се однесува за Струмица која е предодредена за градинарство, Ресен предодреден за јаболка, Прилеп за производство на тутун, Кочани за производство на ориз. Сите наши активности во однос на развојот на земјоделието треба само во овој правец да се прават. Приносите треба да бидат на прво место и сите вложувања во земјоделието треба да се прават само во тој правец. Тогаш цените и другите трошоци ќе бидат далеку помали.

Благодарам.

**САНДЕ ЏАМБАЗОВСКИ:**

Г-дине претседателе, господа претставници на Владата, господа пратеници.

Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство во својот извештај го кажа својот став по однос на предложениот закон од г-динот Тантаров. И членовите на комисијата, односно комисијата го поддржува овој закон, меѓутоа во оваа насока треба да кажам неколку работи, затоа што мораме една работа да сватиме.

Премиите и досега и отсега не биле за примарните производители. Уште кога се носеа премиите се даваа за крајните потрошувачи, со тоа што се даваше ремија за млеко за да биде млекото поефтино на пазарот, за граѓаните се даваше премија за пченицата за да биде брашното поефтино, односно лебот да биде поефтин, така да премијата не остануваше на производителот. И покрај тоа што производителот ја добиваше, меѓутоа преку цената се преливаше кај крајниот потрошувач. Така да многу малку добиваа производителите од тој начин на стимулативно наградување, односно на тој начин плаќање на пченицата.

Мислам дека како Собрание, како Влада треба да се залагаме во една друга насока. Цените на пазарот ние не можеме да ги диктираме. Цените ќе ги диктира светскиот пазар. Сакале или не, во конкуренцијата која што ја има оваа земја, кога се определивме за една пазарна економија, цените ќе ги диктира пазарот. Ние колку и да сакаме да бараме преку цените да ги покриваме нашите релативно високи трошоци, нема да успееме и затоа треба да се заложиме во една друга насока. Насока во однос на премирање и стимулирање на одредени репроматеријали за добивање на далеку поефтино производство од она

кое го имаме сега. Односно да добиеме помала цена на чинење на примарното производство. Само тогаш можеме да конкурираме на светскиот пазар. Ние засега мораме да признаеме дека имаме сеуште монопол на одредени репроматеријали. Јас само како пример ќе кажам. Ние имаме само една фабрика за вештачко ѓубриво која цената на вештачкото ѓубре го диктира колку нејзе ја чини, не според тоа колку може производителот да го купува. Ова го кажувам само како еден пример, инаку има многу такви примери.

Владата досега направи одредени потези, тоа мораме да го кажеме, за заштита на земјоделското производство. Прво, направи добар потез со донесувањето на законот за заштита на домашното прехранбено производство со што успеа да постигне подобар пласман и подобра цена на производство на домашниот пазар. Сега Владата прави одредени напори со кредитирање на земјоделското производство, дотолку повеќе масовно заживее каде што може однапред да се инвестира за да се добие некое далеку повисоко производство, поинтензивно производство со што можеме да бараме начин со подобра организација да ја подобриме продуктивноста на трудот со што ќе добиеме پониска цена на чинење на производството.

На крај сакам да заклучам, сакале или не, цената мораме да ја гледаме во односот на давањата и цената на производството. Се додека го зголемуваме тој однос во однос на зголемување на цената на производството ќе биде добро, меѓутоа, неможеме тоа да го остваруваме преку цената, туку можеме да го остварувам преку намалените трошоци

за производство, кои засега сакале или не, барем во земјоделското производство многу тешко можеме да бидеме конкуренти на европскиот пазар, бидејќи тој силно притиска со својот квалитет, со својата ефтина цена и тн. Така не сум за тоа да се залагаме само преку висока цена да оствaруваме одреден профит, туку сум за тоа да се залагаме да добиеме пониска цена на чинење на производот, бидејќи продажната цена не можеме ние да ја одредуваме, туку неа ќе ја допредува пазарот.

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани пратеници.

Ја користам оваа прилика и јавно да му се заблагодарам нас пратеникот Вељо Тантаров кој најде за сходно денеска конечно пред Парламентот да се постави на дневен ред едно многу значајно прашање. Конечно во овој највисок законодавен дом да се расправа аз проблемите во земјоделието.

Сите ние свесни сме што значи земјоделието како стопанска гранка на РМ, кога сите податоци укажуваат на тоа дека огромен процент од населението главната егзистенција му е токму од оваа стопанска дејност, а ние како да се заборавивме и не се свртевме кон основното, кон производителот.

Денес пред нас имаме предлог за донесување на закон кој што ќе влијае токму на тоа и конечно ние да се свртиме кон производителите. Ние секојдневно сме бомбардирани со разни податоци кои кажуваат

колку е способна РМ да произведува стратешки производи, како што е пченицата, шеќерната репка, маслото. Според некои други податоци јас знам дека РМ од сопствени извори, од сопственото земјиште може само 3-4 месеци да гарантира леб, односно храна за РМ и за сите овие 3 многу битни стратешки производи во земјоделието. Факт е од друга страна дека ние сме секојдневно бомбардирани со разно-разни податоци кои укажуваат на тоа дека земјоделецот притиснат од новонастанатите услови ^а пазарот е принуден да ја напушти и таа мала земја и да гравитира, односно да притиска кон градот, да бара егзистенција, но тој оспособен и способен само за производство на земјоделски производи не е во состојба да се снајде во новите околности и често пати ни се случува тие земјоделци наместо да ги стимулираме да го обработуваат тоа земјиште, да мораме со некоја друга социјална политика да им доделуваме средства. Јас сум убеден кога само еден мал процент од средствата што им ги доделуваме како социјална помош би им ги дале односно би им ги вратиле на овој начин со тоа што ќе им овозможиме да произведуваат поголеми и поквалитетни количества на храна, поголеми, далеку поголеми ќе бидат ефектите и во таа, така да кажам социјална политика.

Денес пред нас имаме многу сериозен предлог, за кој мислам дека сите ние ако сакаме трезвено да размислуваме, ако и сакаме добро на иднината, на земјоделието, на една многу значајна стопанска гранка, со тоа што јас би побарал оваа листа да биде проширена и со други производи, како што е традиционално производството на тутун во РМ, кое и тоа како е притиснато до страна нас разни фактори да најде место

и тутунот и други производи. Јас можам најотворено да ви кажам, од искуството, од секојдневните контакти кои ги имам со своите избирачи, кои се првенствено земјоделци, навистина тие се во многу тешка ситуација. Денеска или никогаш треба да им се излезе во пресрет, на тие луѓе да им се даде можност сами да соработуваат. Не да им дадеме на нив социјала, да им дадеме можност да произведуваат, а тој производ ќе биде за доброто на цела РМ.

Уште еднаш, заблагодарувајќи му се на г-динот Тантаров тој најде за сходно тој денес да постави едно вакво прашање јас би ве повикал да го поддржиме овој предлог закон.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитувани минситри.

Владата досега на вооj план во земјоделието за последни 3 години не направи ништо. Залагањето на ЛДП за премии на одредени земјоделски производи беше отфрлувано. Буџетот, кој се носеше во минатите 3 години беше крајно рестриктивен према земјоделието со што се нанесоа огромни штети на земјоделието. Сега се нудат поединечни, парцијални решенија и со тоа се сака да му се помогне на земјоделието. Наспротив ставот и идеите на ЛДП, која се залагаше и се залага континуирано во целиот овој период за формирање на аграрен фонд од кој фонд преку одредена политика ќе се стимулира земјоделството и земјоделските производи.

Според тоа сакам да кажам ваквите решенија се само одбегнување да се решава проблемот онака како што треба. Онака како што се залагавме ние и каде што и идеите на ЛДП не беа прифатени и кога се гласаше за буџетот, кога требаше на земјоделието да му се дадат средства а не како што гласавте за намалување на средствата во буџетот за земјоделието.

**ХИСНИ ШКИРИ:**

Г-дине претседателе, дами и господа пратеници.

Уште на почетокот сакам да кажам дека јас го поддржувам предлогот за изменување на законот за поттикнување на земјоделието, меѓутоа, во дилема сум дали со овој закон нешто ќе се постигне бидејќи досега навистина Владата на РМ со оваа проблематика многу малку се занимава. Да кажам отворено досега немала политика која е поврзана со земјоделието во нашата република. Земјоделието како гранка или како столб на нашето стопанство досега беше во најдескридитирана позиција во однос на сите други гранки на нашето стопанство. Бидејќи Владата многу малку се занимава со оваа проблематика, ако ние како држава што зависиме повеќе од земјоделието, голем дел на нашите семејства се занимава со земјоделие, меѓутоа, доколку Владата не го свати овој како сериозен проблем на државата, ќе ни се случи истото како што е сега ситуацијата со индустриското производството на РМ. Ако голем дел од земјоделците се откажат од своето производство да знаеме дека голем дел од обработливото земјиште ќе ни остане опустошено како што е сега случајот со многу села било во Источна или Северна Македонија.

Интересот на секој земјоделец не зависи само од премијата туку зависи од стабилната политика што ќе ја води Владата на РМ во врска со овој проблем, особено Министерството за земјоделие, шумарство и водостопанство. Доколку тоа не се одлучи да донесе некоја програма за развој на оваа гранка во нашата земја, тогаш ние ќе се соочиме со огромни проблеми и ќе биде тешко, можеби и многу касно за да ги надминеме последиците што ќе ги доживееме до земјоделието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, кој друг бара збор?

Има збор г-динот Вељо Тантаров.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитувани пратеници, овој предлог доби добра поддршка. Јас им благодарам на сите што со убави зборови го искажаа своето мислење околу враќањето на премиите на овие витални производи за нашата држава, меѓутоа не можам да се согласам на дискусијата на Санде Џамбазовски кој меѓу дрогото рече дека премиите за овие култури никогаш не доаѓале кај крајниот корисник. Тврдам дека премиите секогаш биле наменети за крајните корисници односно крајните производители на пченица, сончоглед, шеќерна репка , маслена репка и млеко.

Да напоменам и тоа дека во времето кога се даваа овие државни стимулации тогаш покрај другото постоеше и компензација за производителите на млеко, брашно и леб.

**САНДЕ ЏАМБАЗОВСКИ:**

Обично немам обичај да реплицирам но морам да одговорам на некои работи.

Претпоставувам дека г-динот Тантаров не ме разбрал добро што кажав. Јас и сега тврдам и пред тоа кажав дека средствата аз премии ги зема индивидуалниот производител, меѓутоа, при формирањето на цената на пченицата или на млекото или шеќерната репка, односно на оние производи за кои се земаше преми За, сите преработувачки капацитети кога ја одредуваа откупната цена, односно државата имаше гарантирана цена, пак тогаш сметаа ние за да го продадеме лебот по таа цена ние на производителот ќе му дадеме 5 денари плус 2 денари премија, 7 денари доста му е. Сега веќе имаме една друга состојба. Сега имаме заштитни цени на овие производи, меѓутоа немаме гарантирани цени, така да откупувачите можат да дадат и повисока цена од заштитната. Тоа е голема разлика во однос на добивањето на премијата. Ние ќе бидеме среќни не да добиеме премија, туку премија за вештачко ѓубре, да добиеме регресирана нафта,. да добиеме поефтини репроматеријали за да добиеме поефтино производство, а цената ќе си дојде сама по себе таква како што ќе си дојде.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, кој друг бара збор? Никој.

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Прво, Собранието на РМ го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување на законот за поттикнување ан развојот на земјоделството.

Второ, предлагачот, пратеникот Вељо Тантаров ќе изготви и на Собранието ќе му достави предлог на закон при што ќе ги има предвид мислењата и укажувањата содржани во извештаите на работните тела на Собранието, како и укажувањата од расправата на денешната седница на Собранието.

Трето, извештаите на работните тела и укажувањата од оваа седница да се доставаат до предлагачот, г-динот Вељо Тантаров и до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Кој е за предложениот заклучок молам да крене рака.

45 пратеника.

Дали има некој против?

Нема.

Дали некој се воздржува од гласање.

Никој.

Констатирам дека предложениот заклучок е усвоен.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Минуваме на точката 5 - Нацрт на закон за денационализација.

Нацртот на законот, извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор?

Има збор, господинот Таки Фити, министер за финансии.

**ТАКИ ФИТИ:**

Почитуван господине претседателе, дами и господа, почитувани пратеници.

Дозволете да дадам едно кусо воведно излагање врзано за Нацртот на законот за денационализација. Мислам дека ова е потребно не само поради значењето на проблематиката што е предмет на расправа на денешната седница на Собранието, но уште повеќе и заради фактот што оваа верзија на закон што е денес на расправа во Собранието е изменета во однос на претходната верзија и содржи квалитативно нови решенија со кои пратениците треба да бидат добро запознаени.

Ќе потсетам, почнувајќи од 2 август 1945 година па заклучноно до 1990 година, односно до донесувањето на уставните амандмани во поранешниот систем, дефакто се вршело одземање на имот на граѓани главно од идеолошки и политички причини и сето тоа било во функција на формирање, во почетокот на државна сопственост на средствата за производство, а подоцна и во функција на формирање на општествена сопственост на средствата за производство. Се разбира ваквото одземање имоти на граѓани се вршело врз основа на определени, во основа присилни законски прописи, како што беше Законот за аграрна

реформа и колонизација, Законот за национализација на приватни стопански претпријатија, понатаму Законот за национализација на големите сточни стада и слично.

Исто така, во овој момент треба да се потсети дека за одземениот имот во определени случаи се вршело и плаќање односно се давало надомест, било со замена на друг реален имот, било надомест во парични средства во целост или на рати, а при тоа поранешните сопственици на кои им бил одземен имотот во одредени случаеви го прифаќале тој надомест, а други не го прифатиле и воопшто не го примиле.

Меѓутоа, се разбира, сега е дојден моментот оваа историска неправда спрема тие луѓе дефинитивно да се исправи и да отпочне процесот на варкање на имотите на поранешните сопственици што своевремено биле оштетени со ваквата практика и со ваквиот процес на присилно одземање на имотите.

Кои се темелните принципи на Нацрт законот кој што е денес пред Собранието на Република Македонија, а јас верувам дека пратениците го прочитаа, бидејќи станува збор за многу значаен закон.

Прво, целиот концепт на законот е така профилиран што се поаѓа од вкупните економски состојби во земјата и посебно состојбата на нашиот внатрешен долг, пред се таканаречените замрзнати девизни штедни влогови од состојбата на нашиот надворешно финансиски долг, а и едните и другите долгови треба да се сервисираат и тие сега го сервисираат внатрешниот долг во зависност од конкретните економски можности на земјата, а вториот се финансира редовно врз база на веќе извршените репрограмирања, а особено по Париски клуб, Лондонски клуб, меѓутоа и со другите меѓународни финансиски институции. И, се разбира поаѓајќи од состојбата на буџетот и обврските што паѓаа на товар на буџетот во една временска динамика, гледано, фактички, на среден, меѓутоа и на подолг рок. Поаѓајќи од сите вакви состојби,

Владата излезе со Нацрт-закон кој во основа се совпаѓа со економската моќ на земјата.

Со други зборови главна интенција беше да се понудат решенија, кои ќе бидат прифатливи за земјата, за нејзиниот економски потенцијал за фактичките финансиски можности на земјата. Владата не сакаше во никој случај"да излезе" со многу дарежливо решение кое во иднина ќе се покаже како неспоредливо односно не ќе може да се реализира и повторно би дошле во состојба на тие граѓани на кои порано со присилни закони им е одземен имотот да се најдат повторно измамени односно да не може тој имот да им се врати и оваа обврска да се изврши. Тоа би ја ставило во тешка состојба секоја влада во иднина, сеедно која политичка партија ќе биде на власт, чија влада ќе биде во тој момент. Мислам дека за тоа треба посебно да се води сметка.

Вториот основен принцип од кој поаѓа предложениот закон се огледа во тоа што тој главно базира на враќање на реален имот, а многу помалку на враќање односно обесштетување во кеш пари. Тоа е така правено, во прв ред заради конкретните можности на Републиката да ги спомна повторно: внатрешниот долг, надворешниот долг, состојбата на буџетот, ако сакате и состојбата во платно-билансната позиција на Републиката и слично. Со други зборови дури и пристапите во самиот закон, слободно ќе кажам се малку порестриктивни кога се има предвид можноста за враќање во готови пари, бидејќи едноставно како што реков тој товар не е издржлив за републичкиот буџет.

Исто така секогаш треба да се има предвид фактот дека враќање на имот во конкретниот случај враќање на имот на поранешни сопственици кој насилно бил одземен и според тоа треба да се врати. Меѓутоа, ваквото враќање на имот во основа се сведува на прераспределба на имотот, а сите вие знаете дека во економијата, ако

некој добие, некој друг мора да изгуби, она што популарно во економската теорија се вели, нема бесплатен ручек. Некои дефинитивно мора да го плати. Според тоа со ваквата прераспределба некој тоа мора да го поднесе и да го плати и тоа во основа станува товар на сите граѓани на РМ, а државата кога нешто плаќа мора да го плаќа од приходите што ги остварува односно даноците. Тоа автоматски не значи дека ние ја негираме потребата од обесштетување на граѓаните. Напротив. Ние тоа мораме да го направиме. Меѓутоа, нашиот концепт е дека тоа треба да се направи во рамките на реалните потенцијали на реалната економска моќ на Републиката.

Јас би сакал во оваа прилика да кажам неколку зборови за тоа што не е предмет на регулирање во овој закон, а е во врска со методите на одземање на имотите, бидејќи токму во овие домени има и определени разлики помеѓу претходната верзија на Законот за денационализација и сегашната верзија што е предмет на разгледување.

Прво, експропријацијата не е предмет на разгледување во Законот за денационализација. Причината за тоа, во основа е јасна. Експропријација на имот се вршело од секогаш. Експропријација на имот се врши денес. Експропријација на имот ќе се врши и во иднина. Тоа е присутна практика во сите земји во светот. Сите вие, почитувани пратеници знаете дека експропријацијата на имотот секогаш е врзана за исполнување на некој општ интерес, или како што сега во современата терминологија иманентна за пазарните економии се вели заради јавен интерес, да речеме заради урбанистички план, заради фактот што некој пат ќе помине покрај некој приватен имот, државата врши експропријација на некој имот а при тоа врши и надомест, најчесто надомест по пазарна цена. Значи, и порано кога се вршеле експропријации се вршело

надоместување, а од друга страна и самите постојни законски прописи во Републиката, оние што сега се во сила, што се врзани за експропријација, предвидуваат можности и начини да се изврши дури и враќање на такви имоти, доколку имотот не биде употребен за намената заради кој што е одземен односно експроприран. Инаку, кога се врши сега експропријацијата сопствениците се обесштетуваат по пазарни цени. Оттаму сметавме дека ова не може и не треба во основа да биде предмет на законот за денационализација и на тој начин неоправдано да се проширува она што е предмет на враќање на поранешни имоти. Затоа е таа исклучена. Исто така во законот е исклучено враќањето на градежното земјиште.

Околу ова ние овде имавме сериозни дилеми, а долго време се расправаше и на ниво на Влада. Што тоа значи? Тоа воопшто не значи дека градежното земјиште нема да им се враќа на поранешните сопственици, напротив, тоа ќе се прави меѓутоа не со овој закон тук со новиот закон кој е во фаза на подготовка и се однесува за градежното земјиште. Сите вие знаете дека ние тука имаме еден модел кој воопшто не е адекватен на земјите со пазарна економија. Имаме еден хемафродитен систем каде, дефакто, државата се јавува како сопственик на градежно земјиште, а луѓето имаат право да го користат тоа градежно земјиште.

Самиот факт што заради порано одземените имоти во форма на градежно земјиште и самиот факт што тие ќе мораат ако не со овој закон, со друг закон да им се вратат на поранешните сопственици. Велат самиот тој факт прејудицира и определено решение во врска со ова.

Ние со новиот закон за градежно земјиште најверојатно ќе предвидиме, така е барем генералниот концепт, да постои и приватна

сопственост на градежно земјиште, меѓутоа исто така да постои можност градежниото земјиште да се дава под закуп на долги рокови. Често пати рокот оди до 99 години. Според тоа и со овој закон би се официјализирало постоење на приватна сопственост на градежно земјиште и врз таа основа ќе може врз база на овој закон да се врши и враќање на градежното земјиште.

Околу конфискацијата, и тука има измени.

Сакам да ве потсетам почитувани пратеници, дека конфискацијата, особено во периодот од 1944/45, па некаде до 1951 година, но и подоцна била често употребуван метод заради зголемување на државната сопственост на средствата за производство, а подоцна дури и за зголемување на општествената сопственост на средствата за производство после 1950 година. Меѓутоа, овој метод е многу употребуван како што реков но како споредна мерка за сторено кривично дело. Значи тогаш кога ќе се донесе пресуда за сторено кривично дело, како споредна мерка во пресудата стоело и конфискување на имот. Меѓутоа, треба да се има предвид фактот дека од 1944 па до 1951 година кога се донел Кривичниот законик, мерката конфискација главно имала идеолошка конотација. Значи, се вршело конфискување на имот главно од идеолошки причини.

Конфискациите за тој период до донесување на кривичниот законик треба да бидат третирани во Законот за денационализација и тоа е нашиот пристап. Меѓутоа, после тоа кога, да речеме, со таа конфискација и натаму се одземале имоти, меѓутоа, тие односно самите постаоки во основа немале така цврста идеолошка основа, или не биле идеолошки детерминирани туку едноставно биле употребувани понатаму како споредна мерка за сторено кривично дело, а факт е дека тоа се правело, не можат да бидат предмет на Законот за денационализација, бидејќи тоа априори претпоставува преоценување на сите судски постапки

врзани за кривични дела после тоа. Тоа не може никаде да не одведе. Едноставно тогаш кога биле сторени кривични дела се конфискувал имот велам како споредна мерка, меѓутоа граница ни е кривичниот законик во 1951 година, бидејќи од 1944/45 до 1951 година, како што реков конфискацијата секогаш беше претежно идеолошки детерминирана.

Овде не е предмет враќање имотот на црквата. Мислевме дека тоа прашање е вонредно тешко, вонредно комплексно и Владата не е подготвена во овој момент тоа да го решава односно сега во овој момент да предложи решение за тоа. Најверојатно тоа ќе треба да се прави во иднина со посебен закон.

Исто така, исклучена е можноста да се враќаат имоти на луѓе кои не се државјани на РМ. Во поранешните верзии стоеше една определба, еден член кој велеше дека може и член кој нема државјанство да добие назад имот врз база на реципроцитет на договор. Договор за реципроцитет склучен меѓу двете земји, меѓутоа тоа сега го тргнуваме од законот и таква можност не постои. Значи ќе бидат обесштетувани исклучиво државјани на РМ.

Понатаму, Законот регулира на кој начин ќе се врши враќањето на самите имоти.

Кога станува збор за недвижности во законот стои определба дека, ако вредноста на определен недвижен имот е зголемена за една половина,споредена со вредноста на имотот во моментот на одземањето на поранешниот сопственик му се даваат неколку солуции по слободен избор да постапи. На пример тој може веднаш да си го земе имотот, меѓутоа за тоа мора да ја плати разликата затоа што имотот е зголемен од моментот на одземање до денес. Значи треба да ја плати таа разлика Друга солуција е, ако неможе да ја плати разликата, да воспостави

свој сопственички удел во тој имот, што исто така може да биде одбрана, како солуција од страна на барателот односно на поранешниот сопственик или ако не ја сака едната или другата солуција тогаш може да оди на барање да му се надомести тоа со пари, така како што Законот со други членови тоа го предвидува односно со обврзници.

Сосема обратно се поставува прашањето ако станува збор за недвижности каде е вредноста на недвижноста пак сега е намалена. Сосема е обратна логиката и процедурата.

Исто така предмет на враќање се и станбени згради.

Вие знаете почитувани пратеници дека тука има едно прашање што е тешко за решавање. Меѓутоа, ние сега предложивме една солуција која што е во законот.

Ние во Републиката имаме поголем број на станови, според некои согледувања негде 2000 и 2400 каде што денес живеат луѓе кои се стекнале со станарско право. Меѓутоа тие станови се на поранешни сопственици и сега со Законот за денационализација треба да се вратат Меѓутоа, како сериозен проблем се поставува станбеното прашање и начинот на разрешување на станбеното прашање на луѓето кои долги години живеат тука и кои стекнале станарско право, живеејќи во тие станови.

Солуцијата што се нуди во Законот незнам точно но мислам дека е член 24 е следната:

Станарското право да се трансформира во закупнички однос. Тоа значи, луѓето кои што тука живеат ќе треба да плаќаат закупнина односно кирија. Меѓутоа, времето на кое што тоа го пролонгираме, наместо една година, како што беше порано сега е пет години. Значи ако јас живеам во стан на поранешен сопственик морам сега станарското право да го трансформиран во договор за закупнички однос на 5 години

и тие пет години треба да плаќам кирија а после да го отстапам станот на поранешниот сопственик. Киријата ќе му се плака на поранешниот сопственик и таа во основа е економска, онаа што се плаќа на државните станови и што има третман на определена економска кирија или економска категорија во овој момент.

Меѓутоа, со оглед на осетливоста, социјалната и политичката осетливост на прашањето во законот во овој член, исто така постои став кој вели дека оние луѓе кои што се стекнале со станарско право живеат во овие станови а имаат третман на социјални случаи, поради што се и примателите на социјална помош, очигледно не ќе можат тоа да го плаќаат државата зема обврска место нив да ја плаќа киријата.

**ТАКИ ФИТИ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

И државата, исто така, презема обврска дека за тие луѓе подоцна ќе го обезбеди дефинитивното решавање на станбеното прашање, ќе им даде станови и слично. Меѓутоа, само за оние што имаат третман на социјално загрозено население. Инаку, што се однесува до самото надоместување на имотот, битно е да се укаже на фактот дека секогаш се поаѓа од состојбата на вредноста на имотот на денот на одземањето. Тоа е главниот репер. И врз таа основа се утврдува надоместувањето. Она што сега посебно сакам повторно да го поентирам овде, тоа е фактот дека, така и генералниот концепт на законот, секаде каде што е можно да се врати реален имот, имот, кој што постои, државата тоа треба да го прави. на тој начин најефикасно се намалува товарот, да кажеме, на буџетот, бидејќи на тој начин нема потреба од ќе плаќање. Се разбира на тој начин, не се намалува вкупната цена на денационализацијата. Бидејќи често пати погрешно, јас гледам и новинарите некогаш кога поставуваат прашања, велат колку тоа ќе ја чини државата. Цената на денационализацијата не е само ќеш плаќањето, меѓутоа, тоа е вкупниот имот што ќе се врати. А ние сметаме и мислиме дека со овој концепт ќе обезбедиме најголемиот дел од враќањата да бидат во реален имот, имот, кој што постои. Според тоа, ако се гледа цената треба да се земат и кеш плаќањата кои што тешко можат тешко да се предвидат бидејќи таа солуција сами ќе ја избираат поранешните сопственици, меѓутоа, и вистинскиот имот кој што ќе биде предмет на враќање и што реално ќе им се врати на поранешнит сопственици. Сега, значи, основното решение е да се врати реален имот. Ќе има случаеви кога тој имот што порано бил одземен сега едноставно не постои. Го нема од најразлични причини. Според тоа, исто така, ќе има случаеви кога некои поранешни сопственици не ќе сакаат друга солуција освен определено надоместување, враќање и во ќеш. Заради тоа, меѓу другото, Законот предвидува и можност надоместокот, односно обесштетувањето да се врши и со обврзници. Она што е ново во оваа верзија, што сега е предмет на разгледување во Собранието, а е врзано со обврзниците. Државата ќе издава два типа, два вида на обврзници.

Обврзници од серија А и обврзници од серија Б. Основниот принцип кај обврзниците од серија А е тоа дека таму ќе се врши надомест сто по сто од утврдената вредност на имотот на денот на одземање и овие обврзници, де фактот ќе бидат заменливи за акции. Значи, номинално оние луѓе што ќе се определат за обврзници од типот А ќе можат да си го повратат, номинално гледано, целиот имот. Со други зборови овие обврзници се заменливи за хартија од вредност, односно најпрво, за акции од Агенцијата за трансформација на претпријатијата со општествен капитал и тоа од оној дел на акциите. кој што Агенцијата го резервирала за поранешните сопственици, а тоа се вршело врз база на постојниот закон за трансформација на претпријатијата со општествен капитап. Исто така, од оној дел на акции кои што Агенцијата за трансформацијата на претпријатијата со општествен капитал, го поседува како резидуал. Значи, дел од акциите кој што не е откупен од страна на идните сопственици до крај. Некој има контролен пакет од 51%, има резидуал во облик на преференцијални акции кај самата Агенција. И, се разбира, можат овие обврзници од серијата А да бидат заменети и за акции кои што веќе се пуштени во слободна продажба на берзата. Обврзниците од серијата А, исто така, можат да бидат заменливи и за побарувања на Агенцијата за санација на банката, како и за акции , удели на Агенцијата за санација на банка. Тие можат да бидат наменети, исто така за купување на државен имот, за кој е предвидена можност да се плаќа во државни хартии од вредност, кои што се емитирани, дефакто, од страна на државата.

Другиот тип на обврзници, тоа се обврзниците од серијата Б. И тука имаме најрестриктивно решение, бидејќи овде е можно да се оди по желба и по избор на поранешните сопственици на кеш плаќања, меѓутоа, ќе се плаќа само 60% од проценатата вредност на имотот во моментот на одземањето. Затоа ќе се издаваат обврзници од типот Б, тие ќе се амортизираат 30 години, почнувајќи од 2000 година и максималниот износ апсолутно гледано во пари што може да се врати е до 100 иљади германски марки односно денарска противвредност на 100 иљади германски марки. Очигледно ова е порестриктивно решение каде што има негодување и во практиката, меѓутоа јас како што кажав да самиот почеток, меѓу другото, целта на законот е главно да се оди на

реституција секаде каде што е можно враќање на реален имот и на тој начин да се доближиме до решение што ќе биде економско издржливо за земјата. Ете тоа беа најбитните работи што јас сакав да ги презентирам пред вас почитувани пратеници и благодарам на вниманието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Да ве прашам дали имате кондиција, сила да продолжиме непрекидно до 17,00 часот, или да направиме пауза до 16,00 часот па до 18 часот да работиме?

(Сите пратеници се за продолжување на седницата со работа).

Тогаш, да продолжиме со работа.

За збор се јави г-дин Ајдарага.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитуван министре и останатите

Денес на дневен ред имаме точка која што, според мене, а мислам дека го делам мислењето и на повеќето , настојува да чини пресврт во она што се направи порано, пресврт во однос на неправдите направени порано. Мојата денешна дискусија ќе ја почнам со цитирање на член 1 од Нацрт законот за денационализација. цитирам: "Со овој закон се уредува начинот, условите и постапката за враќање во сопственост на имот, односно давање на надомест за имот одземен од физички лица, државјани на Република Македонија во корист на државата (понатамошен текст денационализација". Веднаш да кажам дека она што се декларира во член 1 и она што се нуди како решение во Нацрт законот се сосема две спротивни дејствија, бидејќи понатамошните членови повеќе зборуваат за тоа што не се денационализира, отколку за она што ќе се денационализира. Или поточно, подеднакво по однос на членови мерено со методот на статистика испаѓа дека три члена зборуваат за тоа што ќе се денационализира , а три члена што не ќе се денационализира. Значи, ако користиме резултат, нерешен резултат, тогаш значи остануваме на нула. Немаме денационализација. Ова е еден краток заклучок дека само сакаме да кажеме дека сакаме да имаме

денационализација а фактички немаме денационализација. А дали треба така да биде, мислам дека сигурно не треба така а биде и денационализацијата мора да се спроведе. Мое залагање е од оваа говорница дека предмет на денационализација треба да биде се што е национализирано и што е експроприрано. По прописите од стариот систем во врска со ова последното ќе кажам дека барам без двоумење целосно да се брише член 7 од Нацрт законот кој вели дека предмет на денационализација не е одземен имот, за кој што е определен и примен надомест.

Неколку зборови за ова нешто. Зарем не ни е познато како се определуваше тој надомест, дали а подмирување на обврските, можеби дали немаше идеолошки определби. сигурно дека имаше. Но, не е моја цел јас тука да го докажам тоа, бидејќи на тој план работите се сосема јасни. Познат ми е стариот закон за експропријација според кој и јас сум проценувал имот и имот, тоа се вршеше врз основа во последниве години на деветострукиот катастарски доход за одредена категорија на земјиште, ненавлегувајќи ни најмалку на пазарната вредност на земјоделското земјиште. А порано е познато дека тоа се вршеше на основа на едногодишниот приход. Па, мислам коментар понатаму не е потребен. По овој принцип, со прописите за експропријација, експроприрани големи земјоделски површини од кои живееја граѓаните на Дебар и околните села, а да не зборувам за другите последици, резултат на што, меѓу другото, се и поголемиот број на граѓани од општината, кои беа принудени да мигрираат во преку океанските земји, главно, во САД каде според кажувањата има уште еден Дебар во маало. Принципот на деветострукиот катастарски доход, иако не одговараше на пазарната вредност, сепак, донекаде беше близок до реалноста. Меѓутоа, она што владееше пред тоа, особено за граѓаните на Дебар, беше права катастрофа, право осиромашување. Денес, кога веќе се определивме за пазарно стопанство, и за нови општествени економски односи обештетувањето на граѓаните за нивните имоти, се залагам да биде со пазарни цени, а на тоа не обврзува и член 30, став 4 од Уставот на Република Македонија кој вели " Во случај на експропријација на сопственоста или во случај на ограничување на сопственоста, се гарантира праведен надомест, кој не може да биде понизок од пазарната

вредност". А со она што се нуди со законот е јасно. Дека тоа не се обезбедува.

Од друга страна пак согласно член 51 од Уставот на Република Македонија, во Република Македонија законите мора да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со законот. Ова што се нуди нема никаква основа со Уставот, бидејќи дава ограничување. Исто така, ограничувањето на правото да не се предмет на денационализација, одземениот имот за кој е определен и пример надоместок е во спротивност со член 54, став 1 од Уставот на Република Македонија каде се вели дека " Слободите и правата на човекот и граѓанинот можат да се ограничат само во случаи утврдени со Уставот". А овде со Закон се настојува тоа да се прави. Со членовите 30 до 43 е регулирана постапката на надомест, пак ќе се задржам малку на прашањето на надоместокот што се дава во вид на обврзници. Речено е дека обврзниците се издаваат во две серии и тоа како серија А, и серија Б и дека корисникот на надоместокот самостојно се определува дали надоместокот ќе го земе во обврзници од серијата А или Б. Тука веќе најдуваме на обезправување на поедините корисници, зависно од тоа дали тие се надоместуваат со обврзници од серијата А, односно обврзници од серијата Б. И, се дава право со член 36 кога надоместок се дава во обврзници од серијата а, во тој случај надоместокот ќе се врши во висина од сто по сто од утврдениот надомест. А кога надоместок се зема во обврзници од серијата Б, во тој случај надоместувањето ќе се врши во висина од 60% од утврдениот износ на надомест, но не повеќе од денарска против вредност од 100 илјади германски марки. Се прашувам, со какво право се врши таа рестрикција и ако е во прашање немање средства за помирување на обврските, можеби е прифатливо, но се прашувам зошто за едни сто по сто а за други 60% и до сто илјади германски марки. Нели е тоа противуставно. За ова имаме еден пример од материјалите кои што ни се дадени од Здружението на граѓаните на национализираните имоти. Таму се дава еден убав пример каде што се вели " ако е национализирана станбена зграда која што е на три спрата и секој спрат чини по 100 илјади марки, трите спрата 300 илјади марки, што станува? Се враќаат само 100 илјади марки а 200 илјади марки остануваат". До каде ја доведовме работата. Дали е тоа права

денационализација. Во секој случај, не. Ние и понатаму ќе настојуваме, значи, да национализираме и под мотото на денационализација да создаваме нова национализација.

Со член 38, став 2, е речено дека " отплатата на обврзниците од серијата А, застарува во рок од пет години од денот на издавањето". Се прашувам зошто такво ограничување. Бидејќи сметам доколку не е отплатена обврзницата значи дека помалку трошоци направила државата, особено кога се знае дека на обврзниците не се плаќа камата. Слично се постапува со обврзниците од серијата Б кои застаруваат за една година од денот на доспевањето на отплатата. Се залагам да нема застарување.

Инаку, решението е добро, што прометот на обврзниците е слободен и не подлежи на плаќање на данок на промет.

По однос на формирањето на средствата, се залагам средствата за било кои обврзници да имаат едни заеднички извори, кои би биле извори на средства за денационализација и како такви не би смеело да се користат за други намери, се додека не заврши последното намирување на надоместок за денационализација.

Особено внимание кај мене побудува изземањето на градежното земјиште од процесот на денационализацијата. Според тоа што во образложението се вели дека тоа ќе се прави со законот за градежно земјиште и се прашувам зошто се чини така и се залага сите прашања на денационализацијата да се решат со еден единствен закон, вклучувајќи го тука и враќањето на имотите на верските заедници.

На крајот, зошто определба да мора да бидат државјани на Република Македонија кога се знае дека до 1950 година немаше таков закон.

Сега неколку зборови за она што беше дадено во образложението од страна на г-динот министер. Мислам дека јас не се убедив по однос на оние прашања кои ги наброја г-динот министер по однос, прво, на тоа дека овој Нацрт закон е базиран на квалитативно нови решенија. Мислам дека ништо ниво рестриктивно, со респект ги прифаќам оние искажувања по однос на тоа дека тешко ќе биде за државата за тоа сум потполно свесен, меѓутоа, мислам дека треба да направиме правилен закон за денационализација. Ако треба товарот нека го носат сите, да го носат

подеднакво, а не еден помалку, другиот повеќе. Се признава и во образложението на министерот и во образложението кон законот дека денационализацијата е направена врз основа на присилни законски прописи. Што треба тогаш понатаму? Треба и натаму да ги легализираме тие присилни законски прописи. Министерот рече дека дојден е моментот историската неправда да се надмине. Со ваков Нацрт закон во никој случај не би се сложил, со вакво решение.

Министерот зборуваше и за тоа дека експропријацијата на имот постоела и ќе постои. Потполно се сложувам и го поддржувам како процес, како институт. Меѓутоа, каква експропријација? Набројав во мојата дискусија дека со Уставот е речено таа треба а биде по пазарна цена. А не како што е сторена некогаш. Јас во комисијата сега, не сакав да ги носам материјалите за тоа како е направена порано. Располагам со документацијата. Се знае му се определуваше толку ако сакаш земи, ако не сакаш, немој да земаш. Тоа ли е? Па, во никој случај не е тоа. Појакиот наредуваше и мораше да го извршиш. Ајде биди маж па немој да извршуваш. Па, и денес ако ти наредат ќе извршуваш.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:** (Продолжение)

Не се враќа имотот на црквата. Се заложив за тоа да се враќа целиот имот на верските заедници. Не даде министерот зошто не се враќа. Ако не се враќа на црквата зошто не се враќа на џамијата, На Исламската верска заедница. Ако има ваму проблеми, ова нека го реши, па и за црквата ќе го решиме проблемот. Мислам дека тоа е многу битно прашање. Луѓето ни штрајкуваат. Штрајкуваат и со глад во Тетово Имаше таква појава. Зошто да дозволуваме такви работи. Дајте да ги решиме и да имаме помалку проблеми да не се занимаваме со такви прашања, да се занимаваме со прашања кои се многу побитни.

Министерот зборуваше нешто во врска со претворањето на станарското право во закупнички однос. Мислам по однос на социјалните случаи добро е тоа да се прави и се залагам за тоа да се најде решение и за оние 3 илјади семејства кои што живејат во станови кои што не успеаа да ги купат. Мислам дека со Уставот е речено дека граѓаните пред Уставот се еднакви, не зависно од боја, вера, националност и т.н. Зошто сега правиме нерамноправност. Треба за сите тие да најдеме решение. Не треба да ги оставиме што нема да бидат социјални случаи. Не е социјален случај ако има незнам да кажам ако има на пример 4 илјади денари по член на семејство. Меѓутоа, реално, дали тој не е социјален случај. Знаеме колку се трошоците на живот. Се знае што може да се прави со 4 илјади денари. Сметам дека тука решението треба да лежи можеби некој може да свати дека малку е ова демагошки јас можам да кажам дека не спаѓам во таа категорија не гледам од мое име, меѓутоа реално ги гледам работите. Треба да се помогне на тие случаи. Ако може некој со 2 или 3 илјади марки да купува станови, тогаш

зошто не се дозволува и на оваа категорија решение Мислам дека чиниме неправда прифаќам и давам поддршка за тоа што државата превзема обврска за социјално загрозените. Ние за социјалните случаи, треба да чиниме такви напори , па дури се залагам за тоа да го вратиме стариот систем, дел од средствата да издвојуваме сит< за да се градат такви станови. Не постои никаква перспектива кај младите брачни парови кои што немаат економска моќ да го решат тој проблем, немаат перспектива. Дали треба така да се однесуваме. Во секој случај не. Се залагам за тоа , да помогнеме на тој план.

**ЗДРАФКО СТОЈКОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, почитувани министри,

потребата од донесување на закон за денационализација неспорна, тоа го искажаа и претходните говорници, тоа беше искажа и во првата фаза од донесувањето на законот. Апсолутна правда во овој момент е невозможна за тоа сум сигурен и не мислам дека е возможно сите грешки да се исправат. Но ми се чини дека една категорија граѓани, пред се, кој поседувале шуми и пасишта и доброволно се откажале, не се опфатени. Пример за тоа сигурно има повеќе, но јас сум задолжен од мојата изборна единица , поточно од селото Разловци каде овој проблем мислам дека е најповеќе изразен да се заложам обесштетувањето на овие граѓани да биде санкционирано со овој закон.

Амандманот што го поднесовме јас и колегата Мирко Ивановски за додавање нов член 3-а сте го добиле или ќе го добиете, тоа е по мое мислеше решението. Тој гласи: предмет на денационализација е и земјоделско земјиште, шуми, шумско земјиште, пасишта и утрини, кои

поради економска присила нивните сопственици ги откажале со потпишување на таканаречени договори за доброволно подарување на државата, а кој не се опфатени со арондација односно коносација. Имотот од овој член што бараме да се додаде се враќа во сопственост, а неговите сопственици немаат право да бараат надоместок за евентуална негова оштета и изгубена доверба. Значи тоа мислам дека е корисно за државата, докажувањето на сопственост покрај предметните договори ќе се врши со тапии или со друг валиден документ, со кој се потврдува сопственоста на дотичниот имот. За максимумот како основ за одземање имот, е речено во член 2 точак 5, закон за максимум, Службен весник на СРМ" број 16 од 1965 година, но по тој основ земји и шуми се одземени многу порано. За конфискација е дадено во членот 4 став 1 "Службен весник на ФНРЈ" број 13 од 1951 година, додека за фамозните договори за доброволно подарување на имот, по кој што основ како на пример во Разловци и не само во него е откажан и најголемиот дел од најближен имот, во овој нацрт на законот ништо не е речено. Слични бања поднесени пред 4-5 години, не се спомнати ниту во даденото образложени, каде што се наведени мноштво барања и иницијативи за регулирање на овие прашања. Изготвувачите на законот сигурно се запознати дека во периодот по ослободувањето и подоцна еден од начините да се намали приватната сопственост, а зголеми државната, најефикасен бил токму високиот и енормен данок кој ги оптоварува сопствениците да даваат високи износи, а при тоа да немаат речиси никакви приходи, особено во пасивните и планински реони, како што е случај во повеќе места, а од шумите исто така немале никаква добивка, бидејќи било забрането дрварење, а за отворање на нови сечи како што е на многу места случајот денес да не зборуваме. Потврдата за тоа е

често одземаше на добиток, особено коњите и воловите, како и разни работи од домаќинството.

Во врска со оние кои го подарувале имотот со цел да се стекнат со некоја привилегија, односно добивање на детски додаток, стипендија или слично, што не е случај со сите граѓани, а ако навистина тоа е голем греф постојат можности и ваквите случаеви да се издвојат и истите да добијат поинаков третман. А не под мотото се откажувале поради лична корист, да се стават сите во исти кош. Што е нај жалосно одсекогаш, посебно во последно време се врши невиден атак на шумите од дрвократците, кои под геслото тоа е откажано само сечат и продаваат, а покрај откажаното уште поголема штета нанесуваат и на она што не е откажано, поради што често пати доаѓа до големи расправии и конфликти помеѓу сопствениците и дрвократците, па можеби не е далеку денот кога ќе се случат и поголеми последици.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани колеги пратеници. Ние правата фаза на овој долго очекуван закон , ја разгледувавме некаде во ноември, пред две години со надеж и со ветување на тогашниот министер г-динот Јане Миљовски дека нацрт закон или втора фаза ќе имаме прилика да ја дочекаме тука во Парламентот некаде во пролетните денови на 1996 година. Помина многу време и го дочекавме овој нацрт на закон со надеж дека нашите укажувања , нашите забелешки тогаш ќе влијаат на тоа да добиеме еден по рационален закон , во смисла на оштетените и дека ќе можеме со право да речеме дека точно во овој закон нема никакви партиски примеси, што денешната дискусија го потврдува, дека во овој закон нема

место за позиционирање и опозиционирање, но за жал веќе уводните зборови на сегашниот актуелен министер дека овој закон признале рестриктивен во однос на првото предложено решение, кај мене создава една недоумица, една резерва, дали во конечната или трета фаза, ќе нема што да национализираме, ако продолжиме вака. Од тогашните триесетина закони, кои што беа нотирани, врз база на кои што е компониран овој закон, сега веќе во игра останувaат половина закони, со тоа што си земаат многу важни и витални закони по чии што основи се вршени национализација , арондација, комасација, конфискација и т.н., за да практично сега остане само мал сегмент, за кој што објективно може да се каже дека ќе биде предмет на вистинска денационализација. Дали можеме ние при донесување на вака долго очекуван закон , да прифатиме образложение дека се поаѓа од реалните можности на државата . Сето она што ни е кажано од министерот и што ние го следиме, не можеме да го земеме предвид, затоа што ние се изјаснивме дека ќе донесеме правичен закон, кој што ќе испрви една историска неправда, а не дека ќе донесуваме закон во склоп на материјалните можности на државата. Со полн респект дека обврските на државата се огромни. Имено, прашањата на градежното земјиште, прашањето на експропреирани имоти, прашањето на државјанство, со оној празен вакум до 1950 година со она што знаеме дека цели групации, или цели етнички групи , ги нема веќе во Република Македонија, примерот со евреите, треба да ни биде поучен дека може да добиеме една голема шлаканица од светот и од Европа дека тие имоти имаат свои сопственици. Исто се однесува и за турците. Држави со моќни лоби и со моќно влијание и за жал со односи за пример со Република Македонија. Дали не влегуваме во една замка да нарушиме односи со две земји од

кои што имаме целосна и безрезервна поддршка. Сакам да бидам објективен дека еден голем дел на граѓани, па и државјани на Република Македонија, во меѓувреме се отселиле, починале и прашање е сега потенцијалните наследници дали имаат државјанство на Република Македонија. Мислам дека овие работи мора да бидат по разјаснети, мора да бидат прецизирани, затоа што вака колку законот да фаворизира во водење на управна постапка и управни спорови, директно, не експлицитно насочува дека решение ќе се бараат по судски пат, што сите ние не би сакале да биде резултат на овој нацрт закон. Меѓутоа, предвидените решенија во овој нацрт закон сакале или не сакале водат кон судска расправа. Од она што министерот објективно призна дека кога е во прашање зголемена вредност на имотот се предвидени огрничувачки рамки за потенцијалниот сопственик на целиот имот, со се она што значат и одредени камати на се друго и обратно, кога е во прашање сопственикот, на кој што имотот му е национализиран, тогаш неговите можности и начините на некакво обештетување не се со ист аршин. Значи едноставно одиме по тоа дека оној на кој што треба да му вратиме нешто, зборувам условно, бидејќи треба да гласаме, треба да биде среќен и задоволен што некому ќе вратиме нешто, под било какви услови, бес тој да има право да реагира, затоа што не мора да му вратиме ништо. Дали можеме ние да ограничуваме вредност со серијата на акции б и да ја нуменираме како максимум 100 илјади германски марки и дали не навлегуваме во една замка, за да деновиве веќе и ние како пратеници, а повеќе Владата и воопшто субјектите во државата се прозиваат за стекнување на енормни големи богатска само за неколку години. Сега ни е едно богатство што е создавано со генерации и го

ставаме под една лупа дека доволна е вредноста 100 илјади марки, ова што се случува околу нас , воопшто да не не интересира, па вклучувајќи ги и овие непријатни настани завчера и овие денови во градовите околу нас.

Градежното земјиште велиме дека не треба да се враќа, иако во првата фаза беше предвидено. Јас морам да кажам дека законот на екс министерот Миљовски во однос на овој закон беше многу широк, многу компетентен, многу коректен, многу објективен и заслужува да ни биде репер во однос на кој што ќе го градиме последниот документ или последната фаза од овој закон. Не може ние за се да имаме изговор дека ќе донесеме закон за градежно земјиште, донесовме закон за земјоделско земјиште, ќе донесеме подзаконски акти. Па добро знаеме ли ние на која категорија луѓе се на кој што имотот им е национализиран. Луѓе кои што веќе одамна се во пензија или кои не се меѓу живите и сега на тие луѓе им оставаме рок од 5 години да се расправаат по некои основи , а во одредена категорија рокот на обештетување е 30 години. Тие со ова наше изјаснување, со нашата желба во претходниот закон овој закон да има покрај економските и психолошки и хумани ефекти , дали размислуваме дека ретко кој од нив ќе биде меѓу живите. Дали повторно им приредуваме на овие луѓе имотно психолошки шок или пак само пред јавноста или пред светот промовираме желба дека донесуваме цивилизациски закон и закон кој што ќе ги помине сите критериуми и ревизии во Европа. Не можам да прифатам дека ние денеска не можеме да имаме приближна вредност на чинењето на законот за денационализација во неколку варијанти. Прифаќам дека анкетата што беше спроведена меѓу граѓаните е многу нереално, предимензионирана, дека е надуена и т.н.. Но затоа пак имаме стручни

лица имаме компетентни лица кои што можеја од таа анкета сепак да издвојат нешто што е точно. Ако некој пријавил имот три пати, ќе се земе предвид еден пат. Ако некој го проценил сопствениот имот или земјиште нереално, ќе се земе некоја вредност за која што овде не станува збор. Велиме дека основа ќе биде вредноста во моментот на одлуката. Зошто одбегнуваме од овие неколку фундаментални сегменти на овој закон. Зошто не го дефинираме поимот градежно земјиште и пред јавноста храбро да излеземе со нацрт на закон, а решенијата нека се финализираат со пратечки закони и подзаконски акти.

**ТОМИСЛАВ СТОАНОВСКИ:** (продолжение)

Прашањето на станбени згради и станови, согласен сум дека е сериозен проблем. Меѓутоа, тука и во собраниските аули и во Скопје и од ругите градови се почесто отворено се наметнува прашањето-исправна категоризација на навистина социјалните категории на граѓани. Затоа што јавно се зборува, луѓе кои се жестоки критичари на предвидените членови на законот, што се сепак релативно добри, дека тие исти луѓе имаат или станови, или викендички или друг имот. Тука е прашањето исто така да мора да оди во две насоки, реален петгодишен период за да се најде решение за навистина онаа категорија на граѓани која не може да си го реши станбеното прашање и оние кои имаат станови и ги поседуваат. Тука треба да се оди и поотворено и похрабро.

Прашањето на она што значи добра во општа употреба, така стои во членот 9 што мислам дека ќе биде најдискутабилен член во целиот закон и делумно, членот 6.

Што е сега тоа "добро во општа употреба" и што е она понатаму што следи во алинејата 3 "имот кој што друго физичко или правно лице го стекнало со правно дело, што е неспорно, или со одлука на надлежен орган, што е дискутабилно". Надлежен орган, господине Н.Н. ќе морате да ја отстапите куќата за во ена да се всели општинскиот комитет или актуелната власт. Кој смеел да не го прифати таквото решение и таквата одлука?

Дами и господо,

Ако основна определба има предлагачот, јавно изнесена, е дека овој Закон има најголеми шанси да биде апликативен е ако се успее максимум од одземениот имот да се врати, што е логика, ако се успее со

разни трансакции, па дури би рекол и одредена инвентивност на тие комисии и креаторите, тогаш ќе мораме да проговориме и отворено за не една или две простории, туку за катови, цели згради што таканаречените општествено политички заедници, трансформирани сега во други фирми, ги користат и ден денеска.

Во спротивно, дами и господо, не ќе можеме воопшто да обесштетиме освен некого и сметам дека она што значи обезбеден вредност преку Агенцијата за трансформација на општествениот капитал треба да биде поафирмриана, треба да биде ефектуирана веднаш а не тука да се чекаат години и години затоа што процесот на приватизација завршува, ги дава и првичните резултати и, објективни да бидеме со немање смелост она што значи правична надокнада на градежно и земјоделско земјиште на кое што се градени овие крупни стопански објекти го ставиле во една целина и со она што значи обесштетување, не придонесување стопанските субјекти д асе чувствуваат сигурни и им оставаме еден жежок костен во рацете кој што е можно, во некое идно време, при некоја друга композиција на актуелна власт да има некои негативни реперкусии.

Да резимирам, изразувам незадоволство од рестриктивниот приод на се она што во првата фаза го прифативме како смелост, доблест и реалност навистина една неправда да биде исправена. На овој начин, се придружувам и кон колегите кои дискутираа и кон она што значи поширока јавност во државата дека на овој начин само актуелната власт купува време и нема шанси овој закон да бидеа донесен пред или до наредните парламентарни избори.

Жешкиот костен наречен Закон за денационализација ќе попричека некое идно време.

Благодарам.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор г-дин Мешков.

**ЉУПЧО МЕШКОВ:**

Почитуван потрпетседателе, почитувани колеги, почитуван минстре,

Од контактите што последниве денови ги имавме со граѓаните одоколу објаснувањето на решенијата содржани во овој закон, по мене произлегува заклучокот дека навистина е голем интересот на граѓаните околу решенијата што се нудат со Нацрт-законот. За жал, многу поголем отколку што е интересот на нас пратениците, барем ако се цени според присуството на дискусиите на денешнава седница. Меѓутоа, тоа е право на секој од нас.

Се придружувам кон сите оние кои сметаат дека, навистина, во случајов се работи за еден извонредно сложен и значаен закон. Значи, закон кој што спаѓа во редот на посложените законски проекти, како по прашањата што тој закон ги третира, така по финансиските средства што треба да ги ангажира, значи за реализација на решенијата содржани во него, меѓутоа и од третиот аспект кој е исто така важен а тоа е идеолошкиот аспект, како што вели предлагачот, да се надминат некои идеолошки заблуди и историски неправди од минатото.

Меѓутоа, јас би рекол не само идеолошки, туку овој закон треба да се посматра и од еден друг, економски аспект, односно од еден чисто економски интерес на сопствениците на кои им беа одземени имотите, според законската присила од тоа време. Значи, на сите тие на кои им се одземени имотите, сега треба да им бидат по некои економски интереси идентично вратени назад, односно да им биде определен еден чесен и праведен надоместок за одземените имоти.

За да се направи, прво би сакал претходно да се задржам на некои начелни принципи и забелешки, а пота би кажал неколку зборови околу некои конкретни решенија на законот. Ме радува што и претходните дискутанти точно, можеби во некои делови се подудараме затоа што пунктовите во законот што навистина се видливи ги воочуваме сите и, помалку или повеќе се задржуваме на истите прашања. Меѓутоа, веројатно секој од нас гледајќи од сопствен аспект и нудејќи, се разбира, свои забелешки и сугестии за во наредната фаза на донесување на законот да бидат соодветни измени, односно други решенија прифатени од страна на предлагачот.

Прво, факт е дека на донесувањето на овој закон се чекаше по мое мислење неоправдано долго. Лично мое убедување, исто така е, дека ке продолжи и понатаму, пред се заради тоа што Владата на РМ по ова прашање искажа еден вид на идеолошка колебливост. Неспорно е а секако неоправдано што спаѓаме меѓу последните земји од ЕУ односно Европскиот совет кој сеуште го немаат донесено овој закон, односно немаат извршено денационализација, што е секако една од најголемите пречки за влезот на РМ во Европа.

Ако навистина појдеме од тоа дека се нуди една дена национализација што поаѓа од материјалните можности на државата и ако ние навистина, во овој момент не можеме да направиме целосна и праведна денационализација, тогаш, автоматски може да се постави прашањето зошто токму во овој момент се одлучуваме неа да ја правиме, не на оној начин на кој очекуваат сопствениците на одземените имоти, да им бидат целосно вратени имотите односно на соодветен начин да бидат надоместени со соодветен надомест во случај тие имоти да не можат да им бидат вратени.

Овој Нацрт-закон содржи голем број рестриктивни решенија од кои, по мое мислење, произлегува дека повеќе се штити оној кој ги одзел имотите, а не оние на кој имотите им биле одземени, што на извесен начин претставува, како што рече еден претходен дискутант, спроведување на уште една нова национализација.

Со тоа и со некои други решенија на кои подоцна ќе се задржам, предлагачот востановува континуитет помеѓу законите донесени во предтранзициониот период и законите донесени или се предлагаат за донесуваше денеска.

Дел од неправдите кои поранешните сопственици на одземените имоти ќе произлезат и до обратниот редослед на преземените дејства околу приватизацијата и денационализацијата, на што и ние како пратеници на ЛДП укажувавме и порано дека тие два процеси или паралелно да одат или прво да се изврши денационализација, па потоа да е пристапи кон приватизација.

Во овој обратен редослед на виделина сигурно ќе излезат одредени потешкоти и неправилности што ќе се манифестираат при реализација на решенијата понудени со овој закон.

За да се направи праведен закон што во целост ќе ги реши овие прашања неопходно е, најпрво, недвосмислено да се расчисти прашањето дали државата во овој момент ќе ја признае историската грешка и целосно ќе ги обесштети луѓето на кои со законска присила им беа одземени имотите. Наместо тоа да се прави страмежливо и по Законот да се предлагаат решенија за кои што секој објективен читател ќе види дека оваа цел или не е можно да биде постигната или патот до правдата ќе биде долг, комплициран, тешко остварлив.

Мој впечаток е дека предлагачот со овој закон сака да им угоди на сите. На државата, на меѓународните организации што донесувањето на повој' закон го условуваат како императив и, на крајот, во најмала мера на поранешните сопственици на одземените имоти.

На државата, на тој начин што правата што треба да се остварат според овој закон ги димензионира според денеска неодминливиот кочничар, нејзините материјални можности.

На меѓународните организации дека сепак се носи каков - таков закон со кој што ќе ја добие толку потребната виза за влез во Европа.

На поранешните сопственици дека сепак ќе добијат нешто, макар и на 30-годишни рати.

Притоа, како најадекватно би било образложението дека државата нуди тип на ограничена денационализација поаѓајќи од нејзините материјални можности, при тоа ризикувајќи дека овој закон тешко ќе го помине ситото на цензурата на меѓународните организации.

Дека не може да стане збор за целосно квалитетен закони зборува фактот дека тој ги нема најважните елементи од кој може да ги видиме потребните финансиски средства од кои ќе може да се заклучи за каков вид и временски период ќе се определиме да ја спроведеме денационализацијата.

Сега се поставува суштинско прашање: - како може да донесеме нав истина, еден целосен, праведен и квалитетен закон, ако претходно ги немаме основните претпоставки за неговото донесување. Образложен ието дека е многу тешко да се направи такво согледување е само делумно, по мене, оправдување. Контра на тоа е аругкенмот дека одзе-мањето на имотите за што беа донесени многубројни закони од тогашната држава одеше извонредно лесно. Но, во животот е секогаш

така. Земањето е лесен а враќањето извонредно тежок процес.

Почитувани пратеници,

Дозволете ми да се осврнам на некои одредби од Нацрт - законот за кои што сметам дека се извонредно важни. Важни се, сигурно, сите одредби, меѓутоа, само на некои од нив:

Членот 4 како да има во себе некоја скриена идеолошка позадина. Имено, наместо тој да има карактер на еден вид национално помирување, тој се обидува некои поранешни сопственици на одземените имоти, на извесен начин ги оцрнува наоѓајќи меѓу нив луѓе кои во Македонија, во тоа време вршеле геноцид или акти на тероризам. Колку мене ми е познато гледано од историски аспект, во Македонија нема регистрирано постоеше на геноцид или акти на тероризам и, според тоа во наредната фаза на донесување на законот би требало да се обрне внимание околу овие атрибути, односно дали и понатаму треба да стојат или евентуално значи да се избришат квалификациите геноцид и акт на тероризам.

Поранешни нмвои дискутанти кажаа дека членот 7 би требало да отпадне од причини што определениот надомест за одземениот имот не е правично определен и општо е познато дека тој е само симболичен. Не е определуван истиот на приближно пазарните вредности и со договор на двете страни, туку истиот е далеку од вистинската вредност на одземаниот имот.

Во членот 9 е неопходно прецизирање на случаите во кои не се врака имотот. Премногу е воопштена формулацијата "добро во општа употреба". Под оваа формулација, без прецизирање би се нашле многу сопственици на одземените имоти во ситуација да не земат ништо, односно да не земат надомест заради тоа што на надлежниот орган ќе

му биде дадана дискреција да одлучува во кои случаи се работи а во кои не се работи за добра за општа употреба. Не се спомнати ниту објекти во инфраструктура, ниту некои поблиски прецизирање за кои случаи се работи за добра во општа употреба.

Членот 14, исто така како што кажа еден претходен дискутант се согласувам дека не треба да се плака данок на наследство за второ, и натаму населени редови од причина што за разлика од редовните случаи на плаќање на данок на наследство, во случајот се работи за враќање на одземен имот. Според тоа, би било неправично и неправедно да се бара плаќање на данок на наследство во случаи кога, се разбира со решение на надлежен орган се врака имотот на сопствениците на одземените имоти.

Со членот 2 2 се врши ограничување на со Уставот загарантираното право на сопственост преку трансформирање на правото на сопственост со закупен однос меѓу барателот и корисникот. Не навлегувајќи, не оспорувајќи ја потребата за изнаоѓање адекватни решенија од страна на државата за луѓето кои ги користат овие општествени станови, неопходно е враќањето на станови или куките и се разбира оставање на волјата на сопственикот да одлучи слободно да располага со својата сопственост. Добар дел од овие корисници, плаќајќи до пред извесно време извонредно ниски станарини биле во поповолна положба од други да обезбедат трајно решавање на своето станбено прашање. некои, се разбира, тоа и го сториле. Во секој случај, државата ке мора да има селективен приод во секој поединечен случај.

Во членот 39, предлогот со обврзниците од серијата Б надоместокот да се врака 30 години во еднакви годишни рати иако мораме да имаме предвид како што рече предлагачот дека се поаѓа од материјалните можности на државата , по мене е омаловажувачки кон

примачите  на тој надомест. Рокот на враќање со овој предлог се сведува не на 30, туку на чекање повеќе од 80 годни, сметајќи го и времето пред донесувањето на овој Закон односно од кога тие имоти се фактички одземени.

Сите овие наши забелешки на овој Нацрт-закон не треба да одат само на линија на подобрување на текстот за наредната фаза, туку, претходно да помогнат во определбата дали сите ние и предлагачот сака само донесување на еден значаен и од надвор наметнат закон или на поранешните сопственици на одземените имоти навистина сакаме да им ги вратиме имотите или им доделиме правичен и чесен надоместок. Во таквата определба не смееме да имаме и да покажеме ниту најмала колебливост. Пример за тоа е последното, ако сте ги читале разговорите помеѓу Франција и Русија одоколу надоместување на француските граѓани за удели и акции што ги имале во железницата и другите имоти пред повеќе од 100 години. Во тие разговори е договорено не надоместок, туку точно да се гарантира сопственоста на француските граѓани, иако таа сопственост им е одземена пред повеќе од 100 години

Почитувани пратеници, во случајов, застапувајќи ги интересите на едната или другата страна во содржината на овој Закон, за нас, пратениците на ЛДП не е од примарно значење дали ќе добиеме помалку гласачи а ќе изгубиме повеќе. За нас е важно да се избориме за целосно враќање на одземените имоти или определување на правичен и соодветен надомест, со што, истовремено ќе се избориме за принципот на владеењето на правото во РМ и ќе можеме да кажеме дека, навистина, Република Македонија е правна држава.

Благодарам.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор господинот Пецо Стојановски.

**ПЕЦО СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници,

Овој закон регулира стручна материја од областа на имотно - правните односи и има за цел предмет на денационализација да е само имотот одземен присилно и за кој не е платен никаков надомест, како и експроприран имот чиј сопственик одбил да го прими понудениот надоместок, а предмет на враќање не е имот кој е експроприран и платен.

Го поддржувам предлогот за два типа на обврзници. Серија А и серија Б. Мислам дека има потреба од поширока едукација на корисниците на надоместок кога тие самостојно се определуваат дали надоместокот ќе го земат со обврзница од серија А или од серија Б ова особено кога од платата на обврзниците од серија А се врши за замена на друг еквивалент на сопственост и тоа за акции за удел кој ги поседува Агенцијата на Република Македонија за трансформација на претпријатијата со општествен капитал и кои се пуштени во слободна продажба. За акции и удел на претпријатијата кои се резервирани за поранешни сопственици согласно Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал. За акции и удели на претпријатијата со кои управува Агенцијата за санација на банка и кои се пуштени во продажба. За побарување на Агенцијата за санација на банка од претпријатија а кои се дадени во продажба, за купување на државен имот кој е понуден на продажба за чиј откуп е предвидена можност за плаќање со државни обврзници како и за друг еквивалент на сопственост

определен со законот. Лично мислам дека акциите треба да имаат приоритет кога отплатата на обврзниците се врши со мена на друг еквивалент на сопственост.

Имам конкретни забелешки на член 45 став 3, мислам дека треба да се прецизираат зборовите: "соодветна висока стручна подготовка"во смисла на наведување' На соодветна струка. Во член 50 став 1 мислам дека треба да се определи рокот во кој за посложени случаи Комисијата за денационализација е должна да го донесе решението за денационализација.

Ќе гласам за овој закон, бидејќи со овој закон се оди кон модернизација на економскиот систем на земјата и сопственоста се раздржавува и дека решенијата во Нацрт-законот во основа водат сметка за социјалната и економската издржливост на државата.

Благодарам.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор господинот Сулејмани.

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитувани пратеници, јас се согласувам со моите претходни говорници дека денеска пред нас имаме еден многу значаен закон, закон за денационализација кој уште на почетокот ќе го оквалификувам како нецелосен, некомплетен и премногу комплициран за да може некој да реализира свое право врз основа на овој закон.

Кога велам некомплетен, мислам токму на одредени категории оштетени граѓани на Република Македонија кои не се опфатен со овој закон, првенствено мислам на категоријата граѓани на кои им е

одземено земјиштето врз основа на експропријација и категорија граѓани на градежно земјиште. Иако министерот овде се обиде да не убеди дека таа категорија граѓани и таква категорија експропријација ќе има и понатаму, но со некоја пазарна цена, никој не може овде да ме убеди, а верувам никој од пратениците не е убеден дека до денешната експропријација е направена по некоја пазарна цена. Јас имам лично искуство што значеше и која беше таа цена на експропријација. Цена на експропријација е таа цена која 14 илјади метри квадратни ќе се земат за денешни 15 илјади ДМ и тие 15 илјади ДМ ги добивавме ако моравме преку ноќ да засадиме 200 или 300 дрвја кајсии или слично, затоа што земјиштето не се плаќаше ни 0,30 ДМ никој не може да ме убеди дека тоа земјиште е земено со експропријација или категоризирано како градежно земјиште во кое велиме дека државата е сопственик ќе го продаде по 100 ДМ и дека се работело за некоја си пазарна цена, никој никого овде не може да убеди.

Господа пратеници, господа од Министерството. Пред нас е многу значаен закон. Закон кој се обидува во најмала рака да најдат сатисфакција оштетените граѓани на Република Македонија затоа што никогаш до крај не ќе можеме да ги обештетиме сите кои беа погодени со овој закон. И покрај тоа што им беше одземено земјиштето, долго време беа на листата и со посебни досиеја како буржуи, а ние денеска во Република Македонија вршиме категоризација на граѓани. Државата наоѓа средства, наоѓа на- чин да ги обештети штедачите од ТАТ, таа наоѓа средства и начин и поранешните девизни штедачи да ги обештети, но денеска не наоѓа начин ниту прави напори за поадекватно, односно пореално ги обештети сите тие кои трпеа од некои идеолошки закони.

Спрема тоа, закон кој нема да опфати ни дел од експропријацијата ни дел од градежното земјиште не може да биде конкретен закон за денационализација. Затоа што и понатаму во сите тие поседовни листи кога ќе ги земат ќе стои земјата национализирана, а од друга страна веќе носиме закон за денационализација. Иако министерот овде велеше дека со друг закон Законот за градежно земјиште ќе се обиде да се реши ова прашање, јас не сум убеден во тоа.

Друга работа, овде еден друг субјект кој и те како е заинтересиран и те како има потреба да биде денеска ставен законот за денационализација. Тоа е Исламската верска заедница. Министерот не најде ниту еден збор да каже кои се причините што Исламската верска заедница не се најде во законот за денационализација. Мислам дека најмалку што требаше да направи е да каже кои се причините, зошто не се најде таа заедница во законот за денационализација. Се поставуваат многу бариери кои ќе бидат проблем за да може човек да оствари свое право. Државјанството како основна законска пречка. Луѓето кога им е одземено земјиштето беа државјани на Република Македонија. Сега со автоматизам на сите тие им го оспоруваме правото да можат да учествуваат, односно да бидат обештетени. Мислам дека овој дел не треба да се изостави.

Плаќање во рок од 30 години. Што значи тоа? Дали тоа практично ќе може да се изведе? За мене мислам овој закон даден во ваква форма е неприфатлив ако не се прифатат забелешките кои ги кажаа моите претходни колеги, забелешките кои јас сакам да се вклучам. Првенствено во овој закон да се вклучи и градежното земјиште и експроприраното земјиште, а нормално пред се Исламската верска

заедница во спротивно ние немаме закон или не носиме закон кој ќе биде адекватен на потребите и адекватно ќе ги обештети сите тие кои се засегнати со овој закон.

Благодарам.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор господинот Соколовски.

**ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани колеги. Еве по толку време по година ипол откако сме во овој Парламент доживеавме да го добиеме и вториот текст на Предлог-законот за денационализација, веројатно има две години, со тоа што имам чувство дека и овој текст денеска не би го добиле како втора фаза доколку немаше притисок и од меѓународните фактори овој закон да се доработи и да се даде во натамошна процедура и доколку навистина немавме притисок и од домашната јавност посебно од здруженијата кои имаат поларизација во однос на ова прашање, имаме Здружение на граѓани кои ги користат тие општествени станови и воопшто имотите кои им се одземени и група граѓани кои биле или се сопственици на одземените имоти и куќи. Значи дека постои едно чувство дека Владата веројатно не мисли и нема намера понатаму да го решава овој прблем доколку ни нуди еден текст после две години кој, прашање е, дали ќе доживее своја трета фаза - конечна фаза и прашање спрема оние рокови што ги дава во законот, тоа се рокови на враќање некаде од 2000-та до 2030-та година и дали воопшто ние како пратеници ќе доживееме тоа да се реализира или со други зборови дали навистина сериозно Владата има намера да пристапи кон решавање на ова и те како суптилно

прашање. Кога реков дека под притисок на меѓународните фактори имам чувство дека е законот во втора фаза изнуден да се донесе пред Парламентот на расправа, сметам дека многу пати во јавноста е повторувано дека како еден од предусловите за прием на нашата држава во одредени меѓународни финансиски институции е секако и овој закон или со други зборови ние како држава надвор во светската и европската јавност не би можеле да бидеме приклучени во ни едни финансиски асоцијации, па би рекол и правни ако овој закон не го донесеме на време и ако со овој закон правно не го регулираме проблемот. Кога го потенцирам проблемот правно, велам дека овој закон мора или амбициите на овој закон се правно да го реши проблемот на одземените имоти, одземените станови и навистина од еден правен аспект да се обештетат сите тие граѓани на оваа држава кои живееле претходно и сега живеат на правен начин го овозможат своето право да го реализираат во една демократска држава. Со други зборови, како што некој од предлагачите кажа во една комисиска расправа дека целта на овој закон е на некој начин да ги надвладее идеолошките заблуди кои постоеле во минатото, односно биле рецидни на некаков друг систем.

Јас сум цврсто убеден дека ни една европска асоцијација посебно амбициите ни се прием во Европската Заедница, односно Европската Унија, прием во Нато пактот, прием во меѓународните финансиски асоцијации кои се и те како битни за наша финансиска поткрепа на нашата дражва, нема да прифатат текст каде навистина правно не се решава овој проблем. Сметам дека и овој текст кој е доставен во втора фаза апсолутно не само што е рестриктивен, како што рече министерот, туку од правен аспект не ги задоволува основните принципи на правото

како треба да се реши овој проблем. Со други зборови на многу места има колизија со Уставот на нашата држава, па и со други закони постоечки што докажува дека навистина пристапот е неадекватен.

Од друга страна сакаме како држава да привлечеме меѓународни финансиски институции во однос на инвестирање во нашата земја. Јас прашувам дали постои таква држава, дали постои таков субјект правен во друга странска држава кога ќе сака да финансира во нашата земја ако со овој закон или со недонесувањето на овој закон или со лошиот текст даден со овој закон види дека навистина правно не се решаваат работите од аспект на враќање на некаков имот или сигурност кој тој имот треба да го има во една држава. Со други зборови тие средства што тој меѓународен фактор ќе треба да ги донесе овде треба да има некаква сигурност законска, правна, дека оваа држава има право и дека може со тоа право да се гарантира дека таа негова инвестиција ќе има правна поткрепа и сигурност од аспект на инвестирањето. Јас мислам дека со овој текст тоа не се овозможува, за жал, и сметам дека овој текст претставува една антипропаганда во смисла на привлекувањето на инвестициите.

Сметам дека тоа го кажав и во првата фаза на комисиските расправи па и на оваа говорница, дека овој закон требаше да се донесе заедно или пред Законот за трансформација на општествениот капитал. Сметам дека во оваа држава се се работи пост фестум или пост скриптум затоа што во овој закон практично по донесувањето на законот за трансформација на општествениот капитал значи дуплирање на трошоците кои се веќе направени или со други зборови она што ние го приватизиравме или го трансформиравме од општествен во приватен капитал, кој беше туѓа имовина и за кој добивме одредени пари, тие пари

не ги насочивме да ги вратиме на сопствениците кои сега се јавуваат како газди и сопственици на тие имоти, туку напротив сега правиме нови конструкции, тие пари сме ги насочиле на друго место, па сега правиме нови конструкции како да најдеме средства и како што рече министерот кога немаме средства како да најдеме начин да ги задоволиме сите страни кои се инволвирани во овој закон за денационализација. Сметам дека работите обратно ги поставивме, но тоа што е, е очигледно дека имаме текст за расправа и сметам дека овој текст, како што е понуден, треба да претрпи одредена критика која би требало да биде позитивна во смисла на конечното донесување на законот, ако воопшто се донесе.

Ова прашање што го поставија другите дискутанти е сосема на место, по мене, колку ќе чини оваа приватизација односно денационализација. Ние знаеме за приватизацијата, земавме средства, ги насочивме на други извори, меѓутоа, за нас е многу битно во оваа држава да знаеме колку ќе чини во износ оваа денационализација или со други зборови колку оваа држава во пари ќе ја чини еден ваков закон, што значи треба да се направат одредени финансиски конструкции како тие пари ќе се обезбедат, на кој начин, дали ќе трпи секој граѓанин од нашата држава од својот џеб да ја плати таа денационализација и да знае колку пари практично треба да извади од својот џеб за да може една историска неправда како што е кажано, да се исправи.

Сметам дека во овој текст апсолутно ниту во првиот ниту во вториот текст не е кажано што значи тоа во бројка, во вредност што е основна појдовна точка за некаква дискусија понатаму, како и за финансиската конструкција.

Едно од основните прашања и проблеми е секако враќањето на градежното земјиште кое секако и во проценти, по вредност е најмногу застапено во смисла на тие имоти што биле одземени во текот на овие 50 години и сметам дека токму на тоа клучно прашање не е даден одговор. Значи со овој текст апсолутно не е даден одговор. Што значи тоа? Тоа значи дека постои земјиште кое било национализирано во времето и дадено е на користење на одредени физички или правни лица и имот односно земјиште на кое државата стави рака. Со претходниот закон што го донесовме тоа значи таа го распределува тоа земјиште спрема одредени прописи на тој закон што го донесовме за распределба и прашање е на кој начин сега тоа земјиште треба да се врати на сопствениците. Прашање е дали тие сопственици ќе имаат право на некаква надокнада за користење на тоа земјиште на тие физички и правни лица кое го имаме на користење тоа земјиште.

Второ прашање ако државата ставила рака на таквото земјиште и го дала на користење за некаква привремена или трајна употреба на одредени субјекти, правни или физички лица, прашање е дали тие сопственици на таквото земјиште како и на кој начин ќе ги обештетиме и дали од тие давачки за користење на тоа земјиште им следува правно, а верувам дека им следува и како и на кон начин ќе ги добијат тие средства. Сметам дека тука не е даден одговор. Имено, се предлага и се вели дека посебно ќе се реши со посебен закон за користење на земјиштето, значи се заговара нов закон кој треба наскоро да се донесе или во некоја перспектива каде ќе се реши овој проблем со градежното земјиште. Сметам дека повикување на некој закон кој однапред се заговара на некој начин или со критериуми кои треба да ги има во тие

закони, па велиме ќе донесеме таков закон со кој ќе го решиме проблемот во овој закон, сметам дека се апсолутно деструктивни затоа што не можеме да се повикаме на нешто што веќе ќе се случи понатаму, прашање е како тој закон ќе се донесе во овој Парламент и прашање е дали тој закон ќе одговори на тоа прашање. Спрема тоа мора да се работи спрема постоечките закони во оваа држава што се донесени и на тој начин мислиме да ги обештетиме тие граѓани што се сопственици на тоа земјиште.

**ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ:** (продолжение)

Се заговараат два начина на обврзници, обврзница "А" и обврзница "Б".

Со обврзницата "А", како што рече министерот дадена е можност 100% да се обештетат сопствениците, односно преку хартии од вредност да добијат 100% обештетување, а со обврзницата "Б" е рестриктивно обештетување, што е исто така правна терминологија, па и економска, незнам дали сеуште постои земји по демократиите каде што постојат закони на права демократија. Мислам дека таквата рестрикција посебно во делот каде што се назначува во обврзниците "Б" дека максимум можат да се обештетат граѓаните до вредност од 100 илјади западногермански марки, значи во висина од 100 илјади западногермански марки сметам дека претставува доказ дека целата вредност што е над таа назначена од 100 илјади марки ја присвојува државата, или на некој начин им се одзема пак на тие граѓани што дефакто значи некоја повторна национализација. Некој ќе каже, чекај имате право да земете обврзници, имате право 100% да бидете обештетени со акции, акции кои ги дели агенцијата за приватизација хартија од вредност, но прашање е дали некој што смета дека на овој начин ќе биде обештетен може и ќе прифати ваков начин на обештетување. Значи ние го принудуваме на некакво решение кое е изнудено и од правен аспект, па и од аспект на правата на човеко

Исто така, прашање е при обврзниците "Б" што е со каматата на тие поени од 50,100,500 и 1.000 германски марки, што е со таа камата што тие луѓе треба, се разбира со текот на времето овде е даден период од 30 години, значи што е со тој период 30 години јасно е дека таа камата нема да ја добијат. Прашувам ако тие пари луѓето ги стават во банка им следува камата според сите економски закони. Во овој случај тие практично каматата ја губат односно тие обврзници претставуваат

некоја фиксна вредност на пазарот на пари што е од економски аспект и од правен аспект неприфатливо.

Исто така со Законот за аграрната реформа, односно тоа се имоти кои се одземени со Законот за аграрна реформа, меѓутоа и според тој закон во тоа време јасно стои дека тие сопственици треба да се обештетат во висина на едногодишен приход по хектар бе оглед колку вкупно изнесува тој надомест. Значи ако постои категорија на граѓани кои не биле тогаш обештетени со тој закон ним им следува обештетување, но според оној пропис за аграрна реформа каде што пишува јасно во која висина е.

Во случајот очигледно дека предлагачот не го решава и тој проблем односно прави некаква рестрикција и не ја спомнува таа категорија на граѓани.

Во членот 9 кажано е што не се враќа од сопственоста. Кажано е во точката 1 и точката 2, посебно во точката 2 дека имотот не се враќа од денот на влегување во сила на овој Закон, во тој период кога други физички или правни лица со правна одлука на надлежен орган го стекнале тоа право. Сметам дека ваквото елиминирање на сопственоста на лица или граѓани кои имаат сопственост, а кои досега со одлука на некој надлежен орган и со одлука на некоја правна институција во државата им се одзема имотот сметам дека не е реално и не е правно затоа што голем број на граѓани се сопственици на тие имоти што сега ги користеле и ги користат физички и правни лица кои биле овластени односно добиле од некој надлежен орган овластување да ги користат.

Исто така во членот 27 кажано е дека за претпријатија каде не е извршена трансформација со општествен капитал се враќа во сопственост неподвижниот или друго средство за кое е поднесено барање за денационализација ако во времето на поднесувањето на барањето не се нарушуваат градежните, техничките и технолошките целини на претпријатието.

Мислам дека е многу широко и условно кажано што се подразбира под тоа техничка и технолошка целина на претпријатието Тука се kријат многу недоследности и нејаснотии зад кои може да се каже дека имотот не може да се врати, нема да се врати, затоа што технолошки или технички се руши целината на фирмата или претпријатието, така да не ќе може да им се врати и на граѓаните кои се сопственици на тој имот.

Исто така многу е дискутабилно дискреционото право на Комисијата која што одлучува што е тоа за добро за општествена употре-ба, значи добро за општествена потреба кои имаат со доказ сопственици власници на тие добра и потреби за одбраната и безбедноста на државата. Па, дури на некои места е кажано"комплекси на земјишта".

Исто така прашање е таа Комисија врз база на кои критериуми, кои услови ќе го одредува тоа право да прогласи некој имот дека е за добро, општествено добро или е потреба за некаква концепција за некаква одбрана или безбедност. Значи нејзино дискреционо право е, а Комисијата практично ја формира Владата, право на Владата е да уредува што е тоа дискреционо право да дефинира на овој начин што е тоа општа употреба, значи сопственост во општа употреба, а што е тоа од аспект на користење за безбедност и армијата.

Исто така не е дефинирано што е тоа од јавен интерес потреба на државата. Секако тоа доаѓа во колизија и со членот 30 од Уставот каде што јасно е кажано што е практично и интерес на државата, а од друга страна ние дефинираме поим на јавен интерес што општо кажано не постои закон со кој се дефинира тој јавен интерес. Што е тоа што се подразбира под јавен интерес.

Тоа секако се однесува посебно на градежното земјиште и на градежните реони кои можат да бидат прогалсени понатаму за некаков јавен интерес односно да не се вратат конечно на сопствениците.

Морам да кажам дека постои група на граѓани, тоа посебно би го потенцирал, кои користат општествени станови доделени во текот на овие 50 години. Граѓани кои во меѓувреме инвестирале во тие станови, во тие куќи, ги адаптирале за овие 50 години менувајќи инсталации, внесувајќи нови технолошки решенија во тие објекти. Прашањето е дали на овој начин што се предлага овде во рок од 5 години да им се вратат на сопствениците е правото решение. Прашање е дали тие граѓани што живеат во таквите станови, а после 5 години ќе бидат на улица, дали на овој начин ги оштетуваме. Мислам дека ги оштетуваме затоа што таквото инвестирање во период од 50 години, генерациско инвестирање по 5 години паѓа во вода, а од друга страна сопственикот што ќе го добие тој стан или куќа практично за овие 5 години ќе чека, се разбира со меѓусебни расправии за надоместок да добие некаква сатисфакција. Сметам дека и едната и другата страна апсолутно не се решени на овој начин.

На крај би кажал од аспект на Законот за експропријација Законот за експропријација не влегува во овој текст, ниту во прво ниту во вториот текст и министерот јасно кажа дека не ќе може апсолутно да се земе предвид, бидејќи правно гледано експропријација значи решаваше на еден проблем во тоа време, со таа надокнада која била и одземање на земјишта, куќи, станови која била дефинирана во тоа време. Сега прашувам дали во тоа време, при таа идеологија, при таа ситуација, дали тие граѓани чиј имоти , станови, згради навистина биле објективно обештетени. Тоа е едно морално прашање, идеолошко прашање за кое и во законот е кажано ако е идеолошко да расчистиме со некои предрасуди од минатото треба и према оваа категории на граѓани чии имоти, земјишта, куќи, згради итн. им се експроприрани во тоа време под некоја симболична сума, а сите знаеме што подолго живееме, па и во градот Скопје, ние имавме извонредни куќи кои беа срушени во центарот на

Скопје кои беа експроприрани со симболични суми, прашувам дали тие граѓани ќе бидат задоволни од аспект на таа денационализација, дали тие граѓани и воопшто, бидејќи не се спомнати во овој закон ќе имаат шанса да бидат и морално, па и економски обештетени. Сметам дека овој закон тоа не го нуди и мислам дека тоа е голема неправда према таа група на граѓани кои во тоа време морале да потпишат експропријација за една симболична сума.

**ДРАГАН МИТЕВСКИ:**

Почитуван претседтеле, почитувани пратеници, дами и господа,

Јас моето излагање ќе го започнам со една изрека , римска изрека "Сума јурис, сума ењурија". Сите знаете дека тоа значи "Сво право е сво неправо".

Од многу дискутанти досега се настојува да се изработи идеален закон односно правичен закон и во секој случај да се постигне тоа, во секој случај тој ќе биде идеален правичен, а за друг ќе биде неправичен бидејќи оваа изрека значи едно нешто што е за некој право за другиот е неправо и обратно. Според тоа сега можам слободно да кажам дека пред нас се наоѓа Нацрт на закон многу поквалитетен, изработен од страна на Владата и предложен на дискусија пред овој парламент отколку што беше претходниот Предлог на закон за денационализација, за кој јас и тогаш дискутирав, меѓутоа сметам дека навистина идеален закон како што се тука предлага и идеално решение не е можно во поглед на законот за денационализација да се изработи.

Врз основа на сето ова разгледувајќи го овој Нацрт на закон може да се констатира дека некои решенија дадени во него се попрецизни и појасни отколку што беше тоа случај со предлогот за донесување на законот за денационализација. Така на пример во членовите 1,2,3,4,6,7 и

8 точно е дефинирано што е, а што не е предмет на денационализација односно со кои закони и други прописи одземениот имот се враќа или за него се дава надомест на неговите поранешни сопственици и нивните наследници. Тоа нешто не беше случај со предлогот за донесување на законот за денационализација

Со тоа што се дефинира што е предмет на овој закон за денационализација опфатеноста на законот станува појасна, а самиот закон подециден и попрецизен. Во овој Нацрт на закон во членовите 11,12 и 13 точно се определуваат органите што ќе одлучуваат по барањето за денационализација, кој тие органи ги формира и на кого истите се одговорни за својата работа.

Во Нацртот на законот исто така е утврдено и која постапка ќе се применува при одлучувањето доносено решавањето по тие барања, што сито така не беше случај со Предлогот на законот за денационализација.

Овој нацрт на закон не само што е појасен и попрецизен туку во него некои основни решенија се многу подобри од тие што ги нудеше Предлогот за донесуваше на закон за денационализација. Јас во моето излагањето ќе настојувам да наведам некои од тие решенија што ги сметам за подобри и што сметам дека треба да бидат вградени во натамошниот текст на законот за денационализација.

Прво, со денационализацијата според овој Нацрт на пример се враќа или се дава надомест за одземен имот во период од 2 август 1944 година до 1990 година, а не пред и не под тој период. Причините поради тоа поради кои го сметам ова решение како добро и единствено прифатливо се следните.

Основната и цврста определба на Законот за денационализација според мене треба да биде да се врати или да се даде надомест за имоти одземени со таканаречени присилни прописи односно донесени од идеолошки и политички причини, а кои биле насочени кон ликвидација

на одредена сопственост, па и приватната сопственост, или стеснување на нејзините рамки. Таквите прописи на Република Македонија биле донесени по 2 август 1944 година односно по нејзиното конституирање како држава, а бидејќи се укинати со уставните амандмани донесени 1990 година. Според тоа одземените имоти пред 2 август 1944 година се одземени од други причини и во корист на друга дражва, а не на оваа држава. Одземените имоти по стапувањето на сила на уставните амандмани од 1990 година не биле одземени од идеолошки причини, туку биле одземени во согласност со јавниот интерес.

Второ, со денационализацијата според овој Нацрт на закон се враќаат или се дава надомест само за одземени имоти од физички лица и само на лица што се државјани на Република Македонија. Предмет на денационализацијата според Нацртот не се одземените имоти од правните лица, верските заедници и странските државјани. Ова решение го сметам за добро и единствено исправно бидејќи проблемот за враќање на имотите или давањето на надомест за одземените имоти од правните лица, верските заедници и странските државјани е многу сложен и тешко решлив проблем.

Со враќањето на тие имоти или давањето на надомест за нив може да се нанесе огромни штети на државата и на сите нејзини граѓани, ако имаме во предвид дека Република Македонија сеуште ги нема регулирано своите односи со останатите држави, а не се регулирани ниту односите со Македонската православна црква и другите црковни заедници во Република Македонија и верските заедници од другите држави. Верувам дека проблемот на враќањето или давање на надомест за тие или некои други имоти ќе биде во соодветно време решен со некои други законски прописи.

Трето, со денационализацијата, според Нацртот се враќа на поранешните сопственици имот што може да се врати, што физички постои. Заимот што не постои се дава надомест во вид на обврзници

и тоа првенствено обврзници со кои ќе можат да се укажат акции или удели со кои располага Агенцијата за трансформација на претпријатијата со општествен капитал н Агенцијата за санација на банките. Или да се купи државен имот што е понуден за продажба и за кој е предвидена со закон можност за плаќање со обврзници. Таквото решение го сметам, исто така за многу добро.

Покрај другото и со оглед на тоа што со него се предвидува на бившите сопственици на имот кои ќе одлучат надоместок за одземениот имот што не може да им се врати да бараат надомест во кеш пари, добро е што тој изнесува само 60% од вредноста на одземениот имот, според овој закон и тоа што се дава на најмногу до 100 иљади германски марки во денарска противвредност и тоа во период од 2000-та до 2030-тата година. Само таквите решенија сметам дека државата обештетувајќи ги граѓаните на кои им бил одземен имотот со присилните прописи и од идеолошки и политички причини нема да ги штети другите граѓани на Република Македонија кои денеска живеат во неа.

Четврто, со денационализацијата се враќа одземениот имот или се дава надомест за истиот без право на надомест на обична штета и надомест за изгубена добивка. Таквото решение го сметам исправно бидејќи од добиените ефекти за одземените имоти имале корист сите граѓани на Република Македонија па и граѓани на кои тие имоти им биле одземени. Од друга страна пак, во денешно време, после толку поминати години прашање е дали тие штети и испуштени користи би биле остварени, а во случај и да биле остварени која би била нивната висина, односно кој би бил износот на надомест што треба да им се даде.

Петто, при враќањето на одземените станбени згради и станови на нивните сопственици однапред е определен рокот од 5 години за нивно предавање од сегашните корисници на нивните сопственици. Нивниот

меѓусебен однос се трансформира во закупен однос. На корисниците на тие станови што треба да се вратат, кои немаат можност да ја плаќаат закупнината, ниту да го решат станбеното сместување државата презема обврска да ја плаќа закупнината. Со таквото решение сметам дека е најдено едно решение што до некаде ќе ги заштити до извесен период корисниците на таквите станбени згради и станови.

**ДРАГАН МИТЕВСКИ: (**Продолжение)

Дами и господа пратеници, тоа би биле аргументите врз основа на кои го градам мојот позитивен став за Нацрт-законот за денационализација и поради тоа ќе гласам за него. Меѓутоа, сакам да истакнам и тоа, иако имам позитивен став и ќе гласам за овој закон, дозволете ми да изнесам и две забелешки по Нацрт - законот а тие се однесуваат на членовите 1 и 14.

Прво, во членот 1 имам забелешка и впечаток дека не е определено предметот на денационализацијата. Имам впечаток имено, како со овој закон само да се уредува начинот,условите и постапката за враќање на имотот, односно добивање надомест за имотот одземен од физички лица, државјани на РМ, а не и тоа што е предмет на враќањето односно на донесувањето. Оттука сметам дека тој треба да се надополни со следното. После зборовите "со овој закон се", да се додадат зборовите "определува предметот и се" и натаму продолжува текстот како што е напишано на крајот на овој член. Со тоа ќе биде јасно дека со овој закон се определува предметот и се утврдува начинот, условите и постапката за враќање на сопствениот имот односно давање надомест за имотот одземен од лица, државјани на РМ, во корист на државата. Потребата од таквото надополнување на член 1 може да се види и од тоа што уште веднаш по членот 1 со членовите 2,3 и 4 се определува што е предмет на денационализацијата со овој закон односно со кои присилни закони одземениот имот ќе биде враќан односно ќе биде даван надомест на бившите сопственици.

Второ, во членот 14 е определено следното: "за вратен имот во сопственост или даден надомест данок плаќаат наследниците и втор и останатите редови според прописите за даноци при наследување во моментот предавање на имотот.

Од тоа произлегува дека наследниците од прв ред не плаќаат таков данок. Јас сметам дека таков данок не треба да плаќаат и наследниците од втор наследен ред и другите наследници бидејќи ако тој имот не бил одземен тие ќе го наследиле од своите татковци а тие ќе го наследеле од нивните татковци, како нивни претходници. Таков данок по мое мислење треба да плаќаат само наследниците по друга линија, или по странична линија, а не и од редовните односно првите наследни редови.

Сметам, исто така дека ова е лекс специјалист и при овој вид на наследување не треба да се применуваат прописите за даноци при наследување на имотот.

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, за нас пратениците од ЛДП неоправдано доста доцни. Имено се наоѓа во втора фаза повеќе од една година од усвојувањето на предлогот за донесување на овој закон.

Навистина е несватлив долгиот период од расправата по Предлогот за донесување на законот, па се прашувам дали во следната фаза, предлог на закон односно конечно усвојување на овој закон нема да чекаме уште година,две или можеби и повеќе. Ова го кажувам затоа што во поглед на овој закон, како и во поглед на некои други законски проекти како што беше кажано, нашата држава е една меѓу последните или пак е последна од сите таканаречени земји на транзиционен блок.

Доста се дискутираше и денес и во комисиите околу проблемот на цената на денационализацијата, па би сакал сосема на кратко да се осврнам на тоа прашање. Имено, навистина е несватливо веќе привршуваме со втора фаза со фаза на Нацрт на закон, а сеуште ја немаме цената за денационализацијата. Ова беше истакнато во комисиите и многу пратеници се прашуваат за што ќе се гласа односно

кои се консеквенциите за позитивни или негативни, за донесување на овој закон.

Што се однесува до самите решенија во овој закон, тој е сепак закон кој не го решава прашањето на денационализацијата, туку е закон кој го одложува решавањето на прашањето на денационализацијата.

Исто така, нејасно е зошто со овој закон не е опфатен проблемот на денационализацијата на одземеното градежно земјиште како и земјоделското земјиште и шумите кои беа опфатени со комасација и арондација. Ова се наметнува од повеќе причини. Имено, градежното земјиште беше одземено во изминатиот период меѓутоа и ден денес тоа се одзема. Сведоци сме дека Министерството за урбанизам и заштита на човековата околина на неколку наврати распишуваше конкурси за доделување на локации, односно за доделување на градежно земјиште каде што беше опфатено и дел од ова земјиште кои ќе биде предмет на денационализајата. Сега уште еднаш овој проблем се одлага, а можеби и до донесување на овој закон, бидејќи овде во Законот е нагласено дека со посебен закон ќе се реши прашањето на градежното земјиште. За тоа сега се поставува прашањето дали со донесување на овој закон па до донесување на некое друго законско решение односно решение за градежно земјиште нема веќе да бидат одземени и други земјишта. Сметам дека и градежното и земјоделското земјиште треба да си го најдат местото во овој закон.

Се поставува прашањето дали ефикасно може да се изврши денационализацијата по веќе извршената приватизација. Како што кажа господинот Мешков, пратеничката група на ЛДП во повеќе наврати укажуваше на тоа дека е неопходно оваа денационализација да се изврши пред спроведување на приватизацијата. Навистина сега не може

да имаме ефикасна денационализација бидејќи над голем број објекти веќе е извршена таа приватизација а од друга страна овие фирми кои ја извршиле таа приватизација нешто платиле можеби на државата, барем дел од нив, а сега пак треба да плаќаат на поранешните сопственици односно на наследниците на поранешните сопственици. Така да во тој поглед овој закон е неповолен како за оние кои треба да се обештетат, така и за државата, така и за оние фирми односно вработените во овие фирми кои веќе се приватизирани.

Министерот Таки Фити напомена дека има околу 2000 станари кои стекнале станарско право, па се поставува прашањето за висината на станарината, дали е таа иста како за државните станови, бидејќи тој така спомна во своето воведно излагање. Меѓутоа во законот не е децидно нагласено ова решение.

Јас сметам дека треба да се почитува правото на наследниците на поранешните сопственици, меѓутоа треба да се внимава и за овие носители кои што ги кажав, кои се околу 2000 и кои живеат во тие станови. Државата покрај тоа што треба да води грижа за враќање на овој имот, треба да води грижа и за овие станари и тоа не само за социјални случаи туку и за сите други, а како што е познато ги кажа министерот, државата располага со одреден станбен фонд. Меѓутоа, не е кажано со колкав станбен фонд располага државата и не е кажано зошто во последните месеци интензивно се вршеше продажба на државните станови кога дел од овие станови можеше да бидат употребени токму за оваа намена односно да се се обезбедат станови за оние кои по донесување на овој закон, евентуално, треба да се исфрлат од овие станови. Така да од една неправда, најверојатно ќе навлеземе во друга неправда.

Се разбира од ова треба да се исклучат оние станари кои живеат во овие станови и кои имаат станарско право, а за кои ќе се докаже во текот на самата постапка дека имаат друг стан. Меѓутоа, тие што го немаат државата мора да води грижа, а не само за социјалните случаи.

Почитувани пратеници, Законот за премногу прашања предвидува дека ќе бидат решени со подзаконски акти, со уредби и тн. или пак со други посебни закони. Очигледно дека останува на едно решение кое нуди некомплетна денационализација и ќе остави една голема правна празнина. Затоа сметам дека сите овие прашања треба да бидат опфатени токму во овој закон, а што помалку да се оди на решавање со други посебни закони или пак со подзаконски акти.

Во член 7 од овој закон е определено дека предметот на денационализација не е одземен имот за кој е определен и примен надоместок. Не е јасно што се подразбира под овој надоместок и дали се подразбира за било каков надоместок бидејќи знаеме, кога е вршена денационализација и други видови на одземање на имот дека тоа е вршено присилно под непазарни услови, дека се давани симболични надоместоци итн. Така да во законот треба да се прецизира за каков надоместок се работи. Со тоа испаѓа дека и оној кој добил некој симболичен надоместок во тоа време кога неговиот имот бил предмет на одземање, дека нема право да бара враќање на тој имот односно друг вид надоместок.

Исто така го поддржувам ова решение за кое се залагаа и некои други колеги пратеници каде што изричито беше нагласено дека не треба да се плаќа данок на наследство при побарувањето на овој имот за втор наследен ред и за понатамошни наследни редови.

Во Законот имаме едно малку чудно решение каде што е предвидено, ако се баратели поред повеќе наследници на поранешните сопственици, Комисијата за денационализација ќе го предаде на доверливо лице, на еден од наследниците или пак на друго лице кое ќе го определат наследниците. Оваа одредба создава можности за неограничен субјективизам, бидејќи што е тоа доверливо лице и како ќе

биде управувано со овој имот е исклучиво право на Комисијата. Оттука сметам дека треба да биде поттик и за изготвувачите на Законот дека треба да предвидат максимално можни решенија со цел да биде избегната една можност за корупција при работењето на овие комисии, бидејќи вака како што се поставени некои законски решенија може да доведат до голем вид на субјективизам и до многу нелогичности во решавањето на постапката за денационализација.

Постојат почитувани пратеници деловни објекти кои неодамна беа продадено од страна на ПУИНГ односно државата. Затоа е не јасно како ќе бидат обештетени овие поранешни сопственици и зашто веќе кога е влезен во собраниска процедура овој закон е извршено неодамна продажба на овие деловни објекти. За дел од нив новите сопственици не успеа да добијат документација, меѓутоа се знае дека дел од овие објекти кои треба да им бидат вратени на поранешните сопственици пред само неколку месеци беа предмет на продажба. Се поставува прашање и во овој случај како и во случајот со градежното земјиште зошто во не така изминат период државата го продаваше тој според имот.

Со Законот е предвидено дека постапката ќе се води согласно одредбите од Законот за управна постапка. Тоа во начело е во ред. Меѓу тоа треба да се има предвид дека ние сеуште немаме нов закон за управна постапка, така да прашање е дали постојните законски решенија од Законот за управна постапка ќе бидат соодветни за овие услови кои се нудат во Законот за денационализација, односно дали таа постапка по сегашните решенија ќе одговара. Оттаму сметам, доколку дотогаш, односно до фазата на конечното усвојување на овој закон не се донесе закон за општа управна постапка да се преиспитаат сите одредби од законот за управна постапка и дали ќе бидат соодветни на оваа постапка, а особено во смисла на тоа дека овде е предвидено дека по

втодостепеното правосилно решение е предвидено право на жалба односно право на управен спор што е сосема во ред. Меѓутоа дали не треба да се предвиди одредба дека ќе може правосилно да се извршува решението дури по одлуката на Врховниот суд затоа што навистина може да се случаи второстепените решенија да паднат со одлуките на Врховниот суд и да имаме несогледливи штетни последици односно дека не може да се врати она што веќе е згрешено во управната постапка.

Почитувани пратеници, пратеничката група на ЛДП ќе гласа за овој нацрт-закон пред се затоа што верува дека сите овие забелешки што беа искажани од страна на пратеничката група и подините пратеници од пратеничката група на ЛДП,во наредната фаза односно до фазата на изготвување на Предлог-законот ќе бидат сериозно разгледани и усвоени од страна на Владата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Предлагам овде да ја прекинеме седницата.

(Седницата прекина со работа во 17,00 часот)